# ОПШТИНА КРУШЕВО

# ИНТЕГРИРАН ЛОКАЛЕН РАЗВОЕН ПЛАН НА ОПШТИНА КРУШЕВО

# 2025 - 2028

Крушево, јануари 2026 година

СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ..... 4
1.1 Профил на општината ..... 4
1.2 Опис на институционалната рамка ..... 7
1.3 Цел на ИЛРП ..... 9
II. МЕТОДОЛОГИЈА ..... 10
III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ 12
IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА ..... 15
V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА ..... 22
VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ ..... 23
VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ ..... 28
VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ..... 29
IX. БУЏЕТ НА ИЛРП ..... 67
X. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ..... 71
АНЕКС 1: Социо-економска и еколошка анализа ..... 81
АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи ..... 113
АНЕКС 3: Извештај од Форум во заедницата ..... 118

Согласно Законот за локалната самоуправа, општините имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Почитувани сограѓани и партнери во развојот,

Со особено задоволство Ви го претставувам Интегрираниот локален развоен план – стратешки документ кој ја дефинира нашата заедничка визија и насока за одржлив и рамномерен развој на нашата општина во наредниот период.

Целта на овој план е да обезбеди координиран пристап во идентификацијата и решавањето на приоритетните потреби на локалната заедница, со фокус на економскиот развој, унапредувањето на инфраструктурата, заштитата на животната средина и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Основната заложба при неговото спроведување е изградба на партнерства меѓу сите засегнати страни – локалната самоуправа, граѓанското општество, деловниот сектор и жителите. Само преку заедничка работа и отворен дијалог можеме да обезбедиме ефикасна реализација на предвидените проекти и активности, засновани врз реалните потреби и потенцијали на нашата општина.

Овој план претставува наша обврска и водилка – кон просперитетна, инклузивна и зелена иднина. Ви благодарам за довербата и да упатувам покана за активно вклучување на сите граѓани, институции, здруженија и бизниси да бидат дел од овој процес, со што заеднички ќе придонесеме за реализирање на визијата за современа, одговорна и развиена општина.

**Со почит,**

**Нико Чонески**

**Градоначалник на општина Крушево**

# I. ВОВЕД

## 1.1 Профил на општината

Крушево е општина со богато историско и културно наследство. Позната е како еден од најзначајните симболи на македонската борба за независност, со Крушевската Република од 1903 година како најистакнат момент. Градот Крушево претставува споменик на македонската историја, култура и борба, и денес е центар на културниот и меморијален туризам.

Општината Крушево се простира на југозападниот дел од Република Северна Македонија. Во рамките на општината градот Крушево има централна местоположба и претставува административен, економски и културен центар на општината. Тој се наоѓа на надморска височина од 1250 м, со што претставува град со највисока надморска височина на Балканот. Општината Крушево е сместена во претежно ридско-планинско подрачје на надморска височина од 600 до 1800 м. Општина Крушево е распространета на ридско-планиски дел, при што ридскиот дел зафаќа 44%, а планинскиот дел 56% од вкупната површина од 201 км².




Градот Крушево е 163 км оддалечен од главниот град Скопје и се пристигнува за 2 часа и 43 минути, Меѓународниот Аеродром Скопје е оддалечен 143км и се пристигнува за 2 часа и 16 минути додека аеродромот Св Апостол Павле во Охрид е оддалечн 100км и се пристигнува за 1 час и 49 минути.

Во општината, со пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година утврдено е следното население:

| | |
|---|---|
| Вкупно | 8385 жители |

**Табела 1:Вкупно население по возрасни групи и по пол :**

| Возрасна група | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| 0-4 | 400 | 210 | 190 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5-9 | 506 | 272 | 234 |
| 10-14 | 516 | 261 | 255 |
| 15-19 | 471 | 262 | 209 |
| 20-24 | 503 | 270 | 233 |
| 25-29 | 522 | 274 | 248 |
| 30-34 | 536 | 295 | 241 |
| 35-39 | 481 | 228 | 253 |
| 40-44 | 551 | 281 | 270 |
| 45-49 | 568 | 293 | 275 |
| 50-54 | 528 | 273 | 255 |
| 55-59 | 626 | 325 | 301 |
| 60-64 | 544 | 279 | 265 |
| 65-69 | 571 | 261 | 310 |
| 70-74 | 434 | 226 | 208 |
| 75-79 | 301 | 133 | 168 |
| 80-84 | 193 | 77 | 116 |
| 85+ | 134 | 56 | 78 |

Според пописот од 2021 год. општина Крушево го има следното население по етничка припадност:

**Табела 2: Етничка припадност на населението**

| Национална структура | Број | % |
|---|---|---|
| Македонци | 4316 | 51,48 |
| Албанци | 2461 | 29,36 |
| Турци | 283 | 3,37 |
| Власи | 867 | 10,34 |
| Срби | 10 | 0,12 |
| Бошњаци | 108 | 1,28 |
| Роми | - | - |
| Останати | 340 | 4,05 |
| Вкупно | 8385 | 100 |

***Структура на населението според етничка припадност***



**Табела 3: Процент на урбано и рурално население**

| Вкупно | урбано | рурално |
|---|---|---|
| 8385 | 4104 | 4281 |
| 100% | 48.9 % | 51.1% |

Извор ДЗС 2023

Населението во општина Крушево живее распределено во вкупно 19 различни населени места и тоа:

**Табела 4 - Вкупно резидентно население по населени места, Извор: ДЗС**

| | ВКУПНО | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Други | Лица за кои податоците се преземени од административни извори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Крушево** | **8385** | 4316 | 2464 | 283 | - | 867 | 10 | 108 | 25 | 302 |
| Алданци | **442** | 5 | 429 | - | - | - | - | - | - | 8 |
| Арилево | **2** | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Белушино | **92** | - | 91 | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Бирино | **-** | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Борино | **385** | - | 313 | 13 | - | - | - | 47 | 1 | 11 |
| Бучин | **522** | 502 | - | - | - | 1 | - | - | - | 19 |
| Врбоец | **227** | 227 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Горно Дивјаци | **11** | 11 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Долно Дивјаци | **27** | 25 | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 |
| Јакреново | **276** | - | 146 | 48 | - | - | - | 54 | - | 28 |
| Крушево | **4104** | 3053 | 9 | - | - | 866 | 10 | 1 | 19 | 146 |
| Милошево | **42** | 42 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Норово | **770** | - | 725 | - | - | - | - | - | - | 45 |
| Острилци | **19** | 19 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Пресил | **574** | 42 | 529 | 1 | - | - | - | - | - | 2 |
| Пуста Река | **53** | 46 | - | - | - | - | - | - | - | 7 |
| Саждево | **476** | - | 222 | 221 | - | - | - | 6 | 14 | 13 |
| Свето Митрани | **357** | 336 | - | - | - | - | - | - | - | 21 |
| Селце | **6** | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - |

Општина Крушево претставува подрачје со богати природни ресурси, значајни еколошки вредности и изразени планински пејзажи. Територијата на општината е разновидна по својата морфологија и климатски услови, што овозможува развој на специфична флора, фауна и биолошка разновидност.

Климата во Крушево припаѓа на умерено-континенталниот појас, со влијанија од планинската клима. Просечната годишна температура изнесува околу **12°C**, со релативно **топли лета** и **студени зими**. Во најтоплиот месец, јули, дневните температури достигнуваат до 24°C, додека во зимските месеци (јануари и февруари) се бележат и температури под нулата, со средни ноќни вредности од –6°C.

Годишната количина на врнежи се движи околу **700 mm**, со најголема фреквенција во пролетта и есента. Снегот е честа појава во зимскиот период, особено на повисоките надморски височини, со просечна снежна покривка од над 200 mm.

Општината просечно има околу **3.700 часа сончево зрачење** годишно, што ја прави погодна за инвестиции во соларна енергија.

Општината Крушево располага со неколку природни извори, кои се главниот извор за водоснабдување на населените места. Најзначајни се изворите „Горица“, „Бреза“ и „Студенец“. Водниот режим е претежно стабилен, со исклучок на летниот период кога се појавуваат поврзани предизвици, но дел од водоводната инфраструктура е стара, што доведува до загуби на вода од над 30%. Не постојат големи реки, но подрачјето е богато со површински и подземни води, особено во ридско-планинските делови.

Разновидниот релјеф и умерената клима овозможуваат развој на богат растителен и животински свет. Шумските екосистеми сочинуваат околу 66% од територијата, со доминантни видови како бука, даб и бор. Пасиштата и високопланинските тревни површини обезбедуваат услови за опстанок на повеќе видови инсекти, птици и цицачи. Локалните шуми претставуваат важна еколошка рамка за задржување на почвата, вода и биодиверзитет.

На територијата на општината се идентификувани неколку значајни природни подрачја:

- **Парк-шума „Гумење“** – позната по своето културно, рекреативно и природно значење, лоцирана во близина на градот.
- **Споменик на природата „Гушева Чешма“** – природен извор со локално културно-историско значење.
- Меморијални и историски комплекси во рамки на природни амбиенти (како „Мечкин Камен“), кои придонесуваат и за заштита на природниот пејзаж.

Иако не сите подрачја се формално прогласени за заштитени согласно националното законодавство, ЛЕАП на Крушево предвидува активности за нивна идентификација, категоризација и заштита.

## 1.2 Опис на институционалната рамка

Во општината Крушево вкупно се вработени 26 лица, од кои 15 жени и 11 мажи.

**Табела 5: Вработени лица во општината**

| *Вработени во општина крушево по пол* | *Број на жени* | *Број на мажи* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно вработени во општинска администрација*** | *15* | *11* | *26* |
| ***Секретар на општина*** | *1* | */* | *1* |
| ***Раководители на одделенија*** | *4* | */* | *4* |
| ***Советници*** | *2* | *2* | *4* |
| ***Соработници*** | *3* | *1* | *4* |
| ***Помлади соработници*** | *2* | *4* | *6* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***Самостоен референт*** | *1* | *3* | *4* |
| ***Помлад референт*** | */* | *1* | *1* |
| ***Виш референт*** | *2* | */* | *2* |

Општинската администрација е организирана во вкупно 9 организациски единици – одделенија. Во општината има седиште на територијална противпожарна бригада.

**Органограм на општината**




**Органограм на установи и јавни претпријатија**




Во општината има два основни и едно средно училиште, едно јавно комунално претпријатие, една детска градинка и еден дом на културата.

### 1.3 Цел на ИЛРП

Интегрираниот локален развоен план (ИЛРП) за општина Крушево претставува стратешки документ кој ги дефинира приоритетите и насоките за развој на општината во периодот од 2025 до 2028 година. Тој е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

Целта на овој план е да се унапреди квалитетот на животот на граѓаните преку одржлив развој, економски напредок и социјална инклузија.

ИЛРП е алатка за паметно и инклузивно управување  со развојот на општината, поточно овозможува јасна визија и насока за развој на општината во наредните години, подобра координација на локалните институции и соработка со граѓаните, бизнисите и НВО. ИЛРП овозможува и приоритизирање на проекти и поефикасно користење на јавни и донаторски средства; привлекување на странски и домашни инвестиции преку стратегиски пристап; интеграција на политиките на национално и локално ниво; мониторинг и евалуација на резултатите за да се следи напредокот.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

Целосниот процес на планирање е поделен во пет фази, опишани подолу.

**Слика бр. 1 – Циклус на планирање/процес**




A) **Подготвителна фаза** – оваа фаза вклучи започнување на процесот на планирање и мобилизација на локалните чинители.
B) **Аналитичка фаза** – Давање на одговори на следниве прашања: Што имаме? Со какви предизвици се соочуваме? Како да се продолжи во иднина? – овој дел вклучи собирање податоци, истражување на документи, социо-економска, еколошка и SWOT - анализа.
C) **Планирачка фаза** – дефинирање на ВИЗИЈА и одлука за стратешката насока и цели, приоритети, програми, потпрограми и проекти во кои се вклучени мерки и активности што треба да се спроведат за да се постигнат целите на ИЛРП.
D) **Оперативна фаза** - вклучува изработка на рамка за имплементација (план за имплементација, финансиски план, план за развој на организациски капацитети и човечки ресурси).
E) **Фаза на мониторинг и евалуација** – дефинирање на индикатори на успех за да се измери како се спроведуваат програмите, потпрограмите и проектите заедно со предвидените мерки и активности, колку ефективно се спроведувал планот и дали има празнини помеѓу планираните и постигнатите резултати (евалуација).

Родовата перспектива беше вградена во сите фази на планирањето за да се обезбедат еднакви можности за вклучување на жените и мажите во подготовката на ИЛРП.

Подетално, спроведените методолошки чекори се опишани во табелата подолу.

**Табела 6 : Методолошки чекори и реализација**

| Методолошки чекори | Реализиациja |
|---|---|
| **Чекор 1** – Одлука на градоначалникот за почеток на процесот на планирање | Април, 2025 |
| **Чекор 2** – Формирање на тим за планирање на локалниот развој | Април, 2025 |
| **Чекор 3** – Мапирање на засегнатите страни | Мај, 2025 |
| **Чекор 4** - Собирање податоци за социо-економска и еколошка анализа | Јуни, 2025 |
| **Чекор 5** - Социо-економска и еколошка анализа | Јуни - Јули, 2025 |
| **Чекор 6** – Тематски SWOT анализи и интегрална SWOT анализа | |
| **Чекор 7** – Подготовка на консолидирани тематски SWOT анализи и извештаи од тематските работни групи и интегрална SWOT анализа | Јули, 2025 |
| **Чекор 8** – Подготовка на визија и изјави за стратешките цели и приоритети ,програми, потпрограми и проекти, буџет и план за мониторинг и евалуација | Јули, 2025 |
| **Чекор 9** - Презентирање на нацртот ИЛРП на Форумот на заедницата со цел обезбедување повратни информации и коментари | Јули, 2025 |
| **Чекор 10** - Подготовка на пред-финалниот нацрт на ИЛРП | Август - Ноември, 2025 |
| **Чекор 11** - Презентирање на пред-финалниот нацрт на ИЛРП до Советот на општината за дискусија и одобрување | ............. |
| **Чекор 12** – Објавување на финалната верзија на ИЛРП | .............. |

## III. ВЕРТИКАЛНА И ХОРИЗОНТАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА СО ДРУГИ РАЗВОЈНИ ПОЛИТИКИ

При подготовката на ИЛРП на општина Крушево, се водеше сметка за усогласување на овој план со постоечки политики и агенди на различни сектори на повисоките нивоа на управување. Притоа обезбедена е:

- вертикална усогласеност со документи за развој повисоко во хиерархијата – релевантни политики и стратешки планови, на национално и регионално ниво;
- хоризонтално усогласување помеѓу клучните општински секторски развојни планови и политики; и
- усогласување со просторните и урбанистичките планови.

Поконкретно ИЛРП на општина Крушево е вертикално усогласен со следниве клучни развојни документи:

- Националната развојна стратегија (план за 20 години);
- Стратегија за регионален развој (план за 10 години);
- Програми за развој на планските региони (план за 5 години).

Очекуваниот ефект од вертикалното усогласување е да се олесни обезбедувањето на средства од повисоките нивоа на власт, како и од европските фондови, поради конзистентоста на ИЛРП на општина Крушево со националната платформа за стратешко планирање и нејзините делови.

При подготовката на ИЛРП на општина Крушево  особено внимание беше посветено на усогласување со целите и локализирање на апликативните мерки и активности предвидени во следните национални секторски стратегии (кои имаат валидно времетраење):

- ✓ Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021– 2026 година[1];
- ✓ Акционен план за 2024–2026 година на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021 – 2026 година[2];
- ✓ Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021 – 2031 година[3];
- ✓ Национална стратегија за одржлив развој 2009 – 2030 година[4];
- ✓ План за спречување на создавање отпад 2022 – 2028 година[5];
- ✓ План за управување со отпад на Република Македонија 2021–2031 година[6];
- ✓ Национална стратегија за заштита на природата[7];
- ✓ Национален план за енергија и клима[8];

---

[1]https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf
[2]https://mls.gov.mk/images/files/Akciski%20plan%20_mk%20(1).pdf
[3]https://mls.gov.mk/files/Strategija-Za-RRR.pdf
[4]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf
[5]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/%D0%9F%D0%A1%D0%97%D0%9E-2022-2028.pdf
[6]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/.pdf
[7]https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12.pdf
[8]https://economy.gov.mk/content/Official%20NECP%20-%20MK%20version_11465878.pdf

- ✓ Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година[9];
- ✓ Акционен план за обновливи извори на енергија до 2025 година со визија до 2030 година[10];
- ✓ Стратегија за индустриски развој 2018 –2027 година, со Акционен план[11];
- ✓ Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2021–2027 година[12];
- ✓ Национална стратегија за млади 2016–2025 година[13];
- ✓ Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022–2026 година[14];
- ✓ Стратегија за образование 2018– 2025 година[15];
- ✓ Фискална стратегија на Република Македонија 2024 –2026 година[16];
- ✓ Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2022– 2025 година[17] и
- ✓ Други повеќегодишни национални стратегии и планови кои се поврзани со делокругот на надлежностите на општините и се во фаза на подготовка или се планирани за ажурирање.

Покрај вертикалното усогласување при изработка на овој стратешки докуемнт во предвид се земени тековните стратешки документи изготвени од страна на општината:

Општина Крушево има воспоставено низа секторски и тематски политики, стратегии, програми и планови кои се насочени кон одржлив развој, младинска инклузија, културна промоција и економски напредок. Овие документи се резултат на соработка со граѓански организации, институции и донатори.

- ✓ **Стратегија за развој на туризмот (2020–2025)**

  Изработена со поддршка на Министерството за економија, оваа стратегија ги дефинира приоритетите за развој на туризмот во Крушево, со акцент на сезоналноста, инфраструктурата и промоцијата на локалните ресурси.

- ✓ **Локална младинска стратегија (2019–2023)**

  Крушево е првата општина во Македонија која ја изработи оваа стратегија, во соработка со Младински Совет Прилеп. Стратегијата се фокусира на зголемување на учеството на младите во политичкиот, социјалниот, економскиот и културниот живот.

- ✓ **Стратегија за локален економски развој (2023-2027)**

---

[9] https://economy.gov.mk/mk-MK/news/strategii-2759.nspx
[10] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/94b041280dbe4ae6870f6450e30de0a2.pdf
[11] https://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf
[12] https://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/strateski%20dokumenti/ns_16_2021.pdf
[13] https://ams.gov.mk/mk/page/youth-strategies
[14] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/2022-2026.pdf
[15] https://mon.gov.mk/page/?id=2048
[16] https://finance.gov.mk/
[17] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10 -2022-2025-MK-Struktuirana-za-Vlada-1.pdf

Стратегијата за ЛЕР на Општина Крушево се однесува на четиригодишниот период т.е 2023 – 2027 година и е самостоен стратешки документ кој е насочен кон локален економски развој на општината, а истиот е изработен со поддршка и насоки на експерт ангажиран од страна на УСАИД преку проектот "Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите"

# IV. КЛУЧНИ НАОДИ ОД СОЦИО-ЕКОНОМСКА, ЕКОЛОШКА И SWOT АНАЛИЗА

Со социо-економската и еколошката анализата беа опфатени сите важни аспекти од животот и развојот на општината Крушево. На тој начин е воспоставена информациска и аналитичка основа за формулирање на наредните поглавја на ИЛРП. Истовремено анализата помага и за дополнителна разработка на секундарни секторски – економски, социјални и еколошки развојни планови.

Со подготовката на оваа анализа се демонстрира пристапот на „Системско размислување“ и соодветна средина за добро креирање политики и донесување одлуки.

Социо-економската и еколошката анализа на животната средина се засновани на достапни податоци од различни извори и во различни форми. Детален и сеопфатен Извештај од социо-економската и анализата на животната средина е приложен како АНЕКС 1 на ИЛРП, додека во продолжение се наведени клучните наоди по области на анализа, со опис на општите карактеристики, мапирани потреби и насоки за нивно задоволување.

**Табела 7 : Клучни наоди од социо-економската и еколошката анализа**

| **ДЕМОГРАФСКА АНАЛИЗА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| Според пописот од 2021 година значително е опаднат вкупниот број на население во споредба со пописот од 2002 година.<br><br>Според пописот од 2002, во општина Крушево имало 9.684 жители, а според потписот од 2021 година општината имала 8.385 жители. | **Намалување на населението (депопулација)**<br>• Стапката на намалување на жителите е висока поради миграција на младите кон другите поголеми градови (Скопје, Прилеп или надвор од државата), поради недостаток на работни места, ограничени образовни можности, и слабо развиена урбана понуда.<br>• Во општината има негативен природен прираст на населението. |
| **Застапеност на мешана етничка структура** – Македонци - 51,5%; Албанци - 29,4%; Власи (Аромани) - 10,3%; Турци - 3,4%; Останати (Срби, Бошњаци и др.) - под 2%. | **Стареење на населението**<br>• Просечната возраст на жителите расте. Голем дел од населението се стари лица (60+ години), со мал процент на млади семејства и деца.<br>• Ниска стапка на наталитет.<br>• Потребно е преземање на стимулативни мерки по сектори за задржување на населението и спречување на иселувањето.<br>• Потребни се конкретни мерки за зголемување на инвестициските активности за искористување на целокупниот туристички и економски потенцијал кој што го има општината. |
| **Јазична и верска разноликост** - Говорни јазици: македонски, албански, влашки.<br>Вероисповед: православно христијанство и ислам. | |
| **Географска поставеност** - Крушево е највисоко населено место на Балканот (1.350 метри надморска височина), со планински карактер и ниска густина на населеност. | |

| АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ТРУД | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Вкупното работноспособно население** во општина Крушево (15-64 години), според податоците од Државниот завод за статистика изнесува 6963 лица од кои што 2798 се активно население, а вработени се 2335 лица. | **Миграција и одлив на квалификувана работна сила** - Многу млади лица по завршување на образование се селат во поголеми градови или странство, поради недостиг на локални можности. |
| **Ниска стапка на невработеност -** Стапката на невработеност е 8,68% од вкупниот број на работоспособно население. | **Образовните профили на невработените лица не одговараат на потребите на пазарот на труд**<br>• Образованието не е доволно поврзано со реалните барања на локалната економија.<br>• Потребни се мерки за доквалификација и преквалификација или локални планови за вработување согласно реалните потреби на локалната економија.<br>• Недостигот од квалификувана работна сила го ограничува привлекувањето на инвестиции. |
| **Родова еднаквост**<br>• Над 40% од вработените се жени, што укажува на речиси еднаква застапеност на половите на пазарот на труд.<br>• Бројот на невработени жени со завршено високо образование е повисок од бројот на мажи, а кај другите образовни структури трендот е обратен. | • Потребно е креирање на мерки кои што ќе ги активираат и мотивираат жените со високо образование да се пријавуваат за повисоки раководни функции. |
| **Вид на вработување** - Најмногу работни места има во јавната администрација, услужни дејности, туризам и угостителство (сезонски и нископлатени работни места), мали занаетчиски работилници. | **Сезонска зависност од туризмот** - Туризмот има потенцијал, но главно функционира во кратки периоди (зимска и летна сезона), што создава нестабилни и краткорочни работни места.<br>• Креирање на мерки или туристичка понуда и промоција која што ќе обезбеди одржување на работните места преку целата година. |

| АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Според ЦСР Крушево** во општината има 390 корисници на гарантирана минимална помош, 93 се корисници на помош и нега во домот, а општината има и Дневен центар за престој на деца и младинци со попреченост Во Центарот не се водат родово-разделени статистики. | **Нерамномерна распределеност** - Урбаните средини имаат подобра достапност, додека руралните се запоставени.<br>Потребно е воведување и/или унапредување на социјалните услуги за нега и помош во домот во руралните средини. |

| | |
|---|---|
| | Воведување на родово-разделени статистики за корисниците на социјалните услуги. |
| **Социјалната инфраструктура има широк опфат на корисници на територија на општината** - Ги опфаќа сите граѓани, со посебен фокус на ранливите групи: деца, возрасни, лица со попреченост, сиромашни, болни и сл. | **Недоволна инфраструктура и капацитети** - Недостаток на објекти, недоволно згрижувачки капацитети или застарени установи.<br>Потребно е воведување на деинституционализација на социјални услуги во соработка со Министерството за социјална политика, Црвен Крст и локалните граѓански организации. |
| **Добра институционална поврзаност** – ЦСР Крушево работи во координација со јавниот сектор (Министерство за социјална политика, демографија и млади, соседни општини), невладини организации и понекогаш со приватниот сектор. | **Недоволна финансираност** - Ограничени буџетски средства за одржување, модернизација и кадровски развој.<br>Воведување на мерки и активности за унапредување на работата на Центарот и општината, а во насока на унапредување на квалитетот на социјалните услуги и воведување на нови услуги. |
| Општината има **пензионерски дом** на кој што му треба дополнително уредување и вложување.<br>Нема дом за стари лица. | Унапредувањето на квалитетот на живот на повозрасните лица е потребно во општината преку преземање на конкретни мерки и активности со поддршка на општината и локалниот граѓански сектор. |
| **Намален е бројот на деца** кои што се запишуваат во основно училиште, а особено **загрижувачка е состојбата во средното училиште** кое има две основни насоки: гимназиско образование и угостителска струка.<br>Освен намалениот број на деца има одлив и на стручни кадри во образовните институции. | Општината веќе доделува годишна финансиска поддршка од 3000 денари за секој нов ученик запишан во средно училиште.<br>Намалениот број на запишани ученици во основно училиште се должи на депопулацијата и стареењето на населението.<br>Потребни се дополнителни стимулативни мерки за запишување на ученици во училиштата и од околните населени места, па и други градови. |
| Има **забележителен напредок** во развојот на културни и спортски манифестации особено во периодот околу одбележувањето на "10 дена Крушевска Република".<br>Се **помал е бројот на деца и млади заинтересирани за членство во спортски клубови.** | Потребни се мерки за мотивирање на децата и младите да се зачленуваат во спортски клубови.<br>Воведување на школски спортски клубови во училиштата.<br>Изградба на повеќе спортски и рекреативни терени во општината и селата. |
| Здравствените услуги ги обезбедува Здравствен дом на општина Крушево за жителите од градот и околните села.<br>Здравствениот дом ја нуди целокупната превентивна заштита, но потребно е дополнително јакнење на капацитетите со здравствени работници, опрема и финансиски средства. | Потребно е зајакнување на капацитетите и условите за работа во Здравствениот дом во Крушево.<br>Граѓаните имаат потреба од современа лабораторија во склоп на Здравствениот дом. |

| | |
|---|---|
| Одлив на стручни кадри (доктори и здравствени работници). | |
| Во општината има регистрирано над 80 локални здруженија и спортски клубови.<br>Општината доделува годишно финансиска поддршка за здруженијата и клубовите, но истата е недоволна.<br>Недоволна активност на младите на територија на општината.<br>Воспоставен Локален младински совет. | Потребни се мерки со кои што ќе се зајакне делувањето на локалните граѓанските организации и ќе се зголеми нивната одржливост.<br>Вложување во спортскиот дух кај младите и развој на спортски училишни клубови.<br>Отворање на младински центар и редовно функционирање на Локалниот младински совет ќе придонесе за активирање на младите во општината. |

| ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Мал и ограничен локален пазар** - Крушево има мала популација, што значи низок локален капацитет за потрошувачка и ограничена побарувачка за стоки и услуги. | **Сезонска економија** - Туризмот доминира, но е силно зависен од сезоните и временските услови. |
| **Сектори со најголем потенцијал –** туризам, угостителство и мали бизниси, јавен сектор.<br><br>Можности за инвестирање во развојот на активниот и авантуристички туризам и промоција на Крушево како дестинација за активен одмор. | **Слаба поддршка за претприемништво** - Мало ниво на локални инвестиции, недостиг од програми за млади претприемачи, слаба бизнис-поддршка, недоволно вложување во туристичкиот потенцијал на општината.<br>Потребно е креирање на нови стимулативни мерки кои што ќе го промовираат туристичкиот потенцијал не само во државата туку и надвор од неа.<br>Поддршка на малите сместувачки капацитети и домаќинства.<br>Користење на локалното производство и креирање одржлива локална економија. |
| **Бизнис инфраструктура** - Ограничен број индустриски капацитети. Недоволно развиени бизнис-зони и пристап до капитал за нови претприемачи. | Ограничен пристап до финансии и до пазари. Малите бизниси имаат тешкотии да обезбедат кредити или да се пробијат надвор од локалниот пазар. |
| Најголем дел од централното градско подрачје на општина Крушево **е прогласено за заштитено подрачје** што не му дозволува на локалното население да прави инвестиции и промени. | Промена на законската регулатива и локациите кои што се заштитени како културно наследство за да може да се прават некои поголеми инвестиции. |
| **Неатрактивно за поголеми вложувања и инвестиции** поради местоположбата и малиот број на жители. | Да се стави фокус на помали инвестиции и поттикнување на локалната економија. |

| АНАЛИЗА НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И ПЛАНИРАЊЕ | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Комуналната инфраструктура е** клучен фактор за економски развој, урбанизација и одржливост на населените места. | **Финансиски ограничувања** - Недостаток на средства за изградба и модернизација особено во руралните области и селата. |

| | |
|---|---|
| | Негативен биланс на ЈП Комуна. |
| **Техничка комплексност и потреба од постојано одржување** - Системите се обемни и често бараат сериозни инвестиции во модернизација и одржување.<br>**Застареност на инфраструктурата** - Дел од мрежите се стари и со чести дефекти. | **Јакнење на капацитетите на ЈП Комуна (човечки и финансиски)** за редовно одржување на комуналната инфраструктура. |
| **Еколошки и климатски закани** - Климатските промени влијаат врз достапноста на вода, капацитетите за одведување на атмосферска вода и управувањето со отпад.<br>**Ниска еколошка свест кај локалното население.**<br>**Енормно загадување од дивата депонија** која се наоѓа во непосредна близина на градот.<br>**Собирање и транспорт на комунален отпад од другите населените места од Општина Крушево не се врши** поради недоволните капацитети на ЈП Комуна и недоволен капацитети на депонијата Коле Налче.<br>Во лето голем број од населбите во градот остануваат без вода. | Санација на критичната дива депонија.<br>Воведување на редовни кампањи за подигнување на еколошката свест кај населението со вклучување на училиштата и сите засегнати локални чинители (како на пример бизнис секторот и сл.).<br>Набавка на потребна механизација и опрема за собирање на отпадот од селата.<br>Воведување на селекција на отпад на територија на целата општина со пилотирање во градот Крушево. |
| **Технолошка заостанатост** - Недоволна дигитализација и автоматизација на услугите. 85% од водомерите во градот Крушево се заменети со нови СМАРТ водомери. | Целосна замена на водомерите и воведување на далечинско читање на состојбите.<br>Зголемување на процентот на наплата на комуналните услуги по електронски пат.<br>Воведување на технолошки иновации и современа механизација за потребите на ЈП Комуна. |

| **АНАЛИЗА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Воздух**<br>Квалитет: Нема стационарни мерни станици; податоци од мобилни мерења. Загадување од греење и сообраќај. | Мониторинг: Спорадичен и несистемски; Управување: Нема локален план; препорака за чисти енергенси. |
| **Водни ресурси**<br>Користење: Извори Горица, Бреза и Студенец за водоснабдување. | Заштита: Стара мрежа, загуби и загадување; Управување: Потребна реконструкција и ПСОВ. |
| **Почва**<br>Употреба: Земјоделие и пасишта; деградирани површини. | Заштита: Недоволен мониторинг; Управување: Ревитализација и контрола на ерозија. |
| **Шумски екосистеми и пасишта**<br>Користење: 66% шумска покриеност; се користат за дрво и плодови. | Заштита: Дел под заштита; Управување: Пошумување, мониторинг и едукација. |
| **Отпад**<br>Состојба: 9.000 тони годишно; недостиг на селекција и капацитет. | Проблеми: Диви депонии, слаба селекција; Мерки: Селекција, санација, подигнување свест. |

| | |
|---|---|
| **Наследство (природно, културно, историско)**<br>Природно: Парк-шума Гумење, Гушева Чешма, меморијални комплекси. | Управување: Интегриран пристап, контрола на урбанизација, промоција на туризам. |
| **Енергетска ефикасност**<br>Состојба: Стари објекти, слаба изолација, неефикасно осветлување. | Мерки: Санација, ЛЕД осветлување, енергетски менаџмент. |
| **Обновливи извори на енергија**<br>Потенцијали: Сончеви панели, мали ХЦ, биомаса. | Активности: Инсталација на панели, субвенции, локален енергетски план. |

| **АНАЛИЗА НА БЕЗБЕДНОСТА И СИГУРНОСТА ВО ЗАЕДНИЦАТА** | |
|---|---|
| **Општи карактеристики** | **Предизвици** |
| **Мултисекторска природа** - Вклучува полиција, противпожарни служби, здравствени установи, образовни институции, општински служби, подрачни канцеларии на ДЗС и ЦУК, Црвен крст и граѓански организации. | **Недоволно вклучување на заедницата** - Граѓаните често немаат доверба во институциите, не пријавуваат проблеми или не учествуваат во локални безбедносни совети. |
| **Локален контекст** - Безбедноста се доживува различно во урбани и рурални средини. На пример, во помалите општини чест проблем е недостаток на институционално присуство. | **Технолошка заостанатост** - Недостаток на современи системи за видео-надзор, дигитални апликации за пријавување на проблеми, системи за масовна комуникација. |
| **Зависност од инфраструктура и ресурси** - Обемот и квалитетот на безбедносните услуги зависи од финансиите, човечките ресурси и техничката опременост. | **Психолошка безбедност и ментално здравје** - Во многу средини не се препознава значењето на менталната стабилност како дел од безбедноста на поединецот и заедницата. |

SWOT анализата беше спроведена врз основа на претходно подготвената социо-економска и еколошка анализа и претставува проверка на реалноста. Клучните прашања на кои се фокусираше SWOT анализата се:

- Силни страни: Што е тоа што ние го имаме, а другите го немаат? Што правиме или што можеме да направиме подобро од другите?
- Слаби страни: Што правиме полошо од другите? Што е клучно за нас што го попречува нашиот развој?
- Можности: Кои се можностите што ги гледаме за нашата општина во регионот и државата?
- Закани: Кои тековни активности во регионот, државата и надвор од неа може да влијаат на нашиот напредок?

Во продожение во табела 8, подолу, е презентирана интегрална SWOT анализа, подготвена од општинскиот тим за развојно планирање во која се интегрирани и наодите од тематската SWOT анализа.

***Табела 8: Интегрална SWOT анализа***

| **Јаки страни** | **Слабости** |
|---|---|
| ▪ Природни убавини, културно наследство и традиција со гастрономија, | ▪ Недоволно развиена инфраструктура; |

| | |
|---|---|
| ▪ Автентична архитектура;<br>▪ Еколошки чиста средина;<br>▪ Богата културно-историска понуда;<br>▪ Расположливост со сместувачки капацитети;<br>▪ Многу поволни климатски услови;<br>▪ Сигурност, безбедност и гостопримливост;<br>▪ Богата понуда на манифестации и фестивали;<br>▪ Добра спортска инфраструктура;<br>▪ Зимски туризам – скијачки центар;<br>▪ Алтернативни форми на туризам (МТВ, велосипедизам, пешачење во природа, планинарење, еко туризам;<br>▪ Идеална ружа на ветрови погодна за параглајдеристи и змајари почетници, но и услови за одржување на бројни национални, европски и светски натпревари во овие дисциплини;<br>▪ Изградена индустриска зона;<br>▪ Достапни голем број на локални ракотворби;<br>▪ Мултиетничко место (соживот меѓу Македонци, Власи и Албанци);<br>▪ Родно место на Тоше Проески – спомен куќа Тодор Проески. | ▪ Недостаток на стручен кадар и обучена работна сила, претприемачки вештини;<br>▪ Недостиг на информативна инфраструктура - ознаки и патокази;<br>▪ Недостаток од организирани активности кои би можеле да се понудат на туристите;<br>▪ Недостаток од маркетинг;<br>▪ Недоволно ресурси за заштита на природните, културните и историските богатства;<br>▪ Проблеми со водоснабдувањето;<br>▪ Слабо здружување на бизнис заедницата;<br>▪ Бројни диви депонии, нема селекција на отпад (примарна и секундарна). |
| **Можности** | **Закани** |
| ▪ Добра географска положба (највисок град на Балканот);<br>▪ Огромен потенцијал за развој на зимски и адреналински туризам;<br>▪ Подигање на свесноста на населението за развој на туризмот, органското производство и нивната улога во развојот на туризмот;<br>▪ Привлекување на странски инвестиции низ соработка со национални агенции;<br>▪ Отварање на нови работни места и други големи бенефити што следат со развивање на туризмот;<br>▪ Поврзување со регионални манифестации;<br>▪ Пристап до програмите на АВРМ за самовработување и микро кредитирање<br>▪ Финансирање со Европски фондови,<br>▪ Одржлив развој на туризмот- зелена дестинација<br>▪ Регионално управување со отпад. | ▪ Потенцијална опасност - културните и историските богатства да се оштетат, заради недоволна грижа и одржлива стратегија;<br>▪ Законска регулатива која не обезбедува доволно финансиски средства за општините;<br>▪ Наталитет на населението;<br>▪ Миграција на младите;<br>▪ Оддалеченост од главниот пат;<br>▪ Оддалеченост од аеродромите во државата;<br>▪ Климатските промени. |

## V. ИЗЈАВА ЗА ВИЗИЈА

Во наредната деценија и подалеку, Крушево го гледаме како зелена и климатски отпорна заедница, со чист воздух, управување со отпад и обновлива енергија (соларни кровови, енергетски ефикасни домови), безбедно место за живеење со добро организирана јавна безбедност, сообраќајна култура и превенција од природни катастрофи, културна и туристичка дестинација со респект – со автентичен градски дух, зачувани традиции, фестивали, музеи и гастрономија; локална економија базирана на одржлив туризам, занаетчиство и ИКТ, што овозможува вработување и останување на младите.

Општина Крушево има за цел да се позиционира како регионален центар за планински и еко-туризам со дигитална поддршка, град со социјално одговорна заедница и висока доверба во институциите. Средината во која се натпреварува е динамична, дигитална и глобално поврзана, каде малите општини мораат да бидат иновативни, препознатливи и одржливи за да привлечат луѓе, инвестиции и идеи.

Кога сме кај социјалната заедница ќе се стремиме општината да ја изградиме во одржлива и иновативна со фокус на зелени вредности. Младински ориентирана со можности за учество, работа, креативност и културен израз.

Нашата визија е Крушево да биде посакувано, зелено и безбедно место за живеење со висок квалитет на живот на своите граѓани, со препознатливи историски и културен идентитет, пример за економски одржлива дестинација која се стреми да ги задржи младите.

## VI. СТРАТЕШКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Стратешките цели произлегуваат од ВИЗИЈАТА за развој на општината и се однесуваат на идентификуваните (низ анализа) споредбени предности на општината но истовремено и на потребата од систематско – стратешко адресирање на воочените клучни предизвици и дефицити.

Стратешка цел е всушност ПОЗИТИВНАТА ПРОМЕНА која се планира да се постигне низ спроведување на Интегрираниот локален развоен план.

Наведените стратешките цели се формулирани за секоја од областите од општинска надлежност за период од оваа и наредните три години.

**Урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште (УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ)**

Стратешка цел:

Развој и модернизација на сообраќајната и комуналната инфраструктура во општина Крушево, со цел обезбедување подобар, поефикасен и безбеден пристап до јавни услуги и поврзаност помеѓу урбаните и руралните средини. Притоа, се стремиме кон зголемување на квалитетот на живот на сите жители преку унапредување на инфраструктурните капацитети и јавниот простор. Истовремено, ќе се зголеми отпорноста, уреденоста и функционалноста на урбаниот и руралниот простор преку примена на одржливо, инклузивно и дигитално поддржано урбано планирање кое ќе ги зачува природните и културните вредности, ќе го намали влијанието врз животната средина и ќе овозможи активно учество на сите категории граѓани во процесите на донесување одлуки и управување со просторот. Ова ќе создаде услови за одржлив развој, социјална кохезија и економски просперитет на општината

**Заштита на животната средина и природата**

Стратешка цел:

Подобрена животна средина и зголемена отпорност на општината на климатски и еколошки ризици, преку системско управување со отпадот, заштита на природните ресурси и активна еколошка свест кај граѓаните.

Оперативни цели и очекувани резултати:

- Воспоставен е функционален систем за селекција, собирање и третман на отпадот, со зголемена стапка на рециклирање и намалување на отпадот што завршува на депонии;
- Воведени се локални политики за климатска адаптација, со мерки за намалување на ризиците од екстремни временски појави;
- Зголемен е бројот на озеленети јавни површини и засадени автохтони дрвја;

- Создадена е мрежа на еко-едуцирани заедници преку кампањи и програми за еколошко образование;
- Спроведени се најмалку 4 акции годишно за чистење на јавни простори и подигнување на јавната свест;
- Подобрена е контролата врз емисиите на загадувачи во воздухот преку мерења и објавување на податоци.

**Рурални средини и земјоделство**

Стратешка цел:

Поттикнување на одржлив развој на руралните средини и модернизација на земјоделското производство во општина Крушево преку поддршка на младите земјоделци, подобрување на инфраструктурата во руралните подрачја и воведување на еколошки и иновативни земјоделски практики. Целта е да се овозможи економска стабилност, подобар квалитет на живот и зачувување на природното и културното наследство на руралните заедници.

**Туризам**

Стратешка цел:

Зголемување на бројот на туристи за најмалку 40% преку развој, унапредување и активна промоција на Крушево како водечка дестинација за активен и еко-туризам. Ова ќе се постигне преку подобрување на инфраструктурата и капацитетите за параглајдинг, велосипедизам, планинарење и зимски спортови, како и креирање на целогодишна туристичка понуда која ќе ги интегрира автентичните културни, историски и гастрономски доживувања на регионот. Целта е да се поттикне одржлив туризам кој ја промовира локалната економија, зачувува природните и културните ресурси и овозможува нови можности за вработување и развој на локалната заедница.

**Локален економски развој**

Стратешка цел:

Создавање на неопходни предуслови за забрзан и одржлив економски развој и раст на општината, со особено внимание на намалување на стапката на невработеност и поддршка на претприемништвото, особено кај младите и жените. Зголемување на капацитетите на општината и локалните институции за ефикасно управување и развој, вклучувајќи и зголемување на сопствените приходи за најмалку 20%, како и активно имплементирање на донаторски и развојни проекти кои ќе придонесат за економската стабилност и конкурентност на локалната заедница.

**Комунални дејности**

Стратешка цел:

Постигнување на висок квалитет и достапност на комуналните услуги за сите жители на општина Крушево преку модернизација и проширување на постојната инфраструктура за водоснабдување, одведување на отпадни води и управување со комунален отпад. Особено внимание ќе се посвети на решавање на долгогодишните проблеми со водоснабдувањето преку изградба на нови и обновување на постојните водоводни системи, намалување на загубите и зголемување на капацитетот за снабдување со чиста и сигурна вода. Целта е да се обезбеди ефикасно, еколошки одговорно и одржливо функционирање на комуналните системи, со посебен акцент на намалување на загадувањето, како и подигнување на свеста кај граѓаните за правилно користење и заштита на природните ресурси. Со овие активности ќе се обезбеди повисок животен стандард, здравствена заштита и унапредување на животната средина во општината.

**Култура**

Стратешка цел:

Јакнење на културниот идентитет на Крушево преку систематска заштита, рехабилитација и промоција на културното и историското наследство, со цел зачувување на автентичноста и традицијата на градот како уникатна вредност и основа за локален развој. Воедно, развивање и поддршка на динамичен културен живот кој ќе ги вклучи сите возрасни групи и ќе овозможи креативно изразување, унапредување на културните содржини и зголемување на пристапот до културата. Целта е Крушево да се позиционира како препознатлива културна дестинација, која преку фестивали, музеи, уметнички настани и традиционална гастрономија ќе придонесува за зајакнување на заедницата и економски развој.

**Спорт и рекреација**

Стратешка цел:

Промовирање на здрав и активен начин на живот во општина Крушево преку развој и унапредување на спортската и рекреативната инфраструктура, како и овозможување на достапни и квалитетни програми за сите возрасни категории. Целта е да се поттикне масовно учество во спортските активности, да се поддржат локалните спортски клубови и организации, како и да се креираат услови за организирање на спортски и рекреативни настани кои ќе ја промовираат општината и ќе ја зајакнат заедницата. Особено внимание ќе се посвети на развојот на спортови кои се традиционални и карактеристични за регионот, како и на создавање безбедни и современи простори за рекреација, кои ќе го подобрат квалитетот на живот на сите жители

**Социјална заштита и заштита на децата**

Стратешка цел:

Унапредување на условите за социјална заштита и заштита на децата, старите лица, лицата со попреченост и социјално ранливите семејства во општина Крушево преку создавање и одржување на праведен, достапен и инклузивен систем на социјални услуги. Ова ќе се постигне преку систематска идентификација на ранливите категории граѓани и обезбедување на соодветна поддршка, како и преку развој и унапредување на социјалните услуги во заедницата. Дополнително, ќе се посвети особено внимание на превенција и навремена интервенција кај семејствата во ризик, со цел подобрување на квалитетот на живот и активно вклучување на овие категории во општествениот живот, поттикнувајќи солидарност, еднаквост и социјална кохезија.

**Образование**

Стратешка цел:

Унапредување на квалитетот и пристапот до образование во општина Крушево преку модернизација и подобрување на образовната инфраструктура, јакнење на капацитетите на наставниот кадар и создавање стимулативна и инклузивна средина за учење. Особен акцент ќе се стави на мотивирање и привлечување на учениците кон локалните образовни институции, со посебен развој на средното угостителско образование кое ќе ја поддржи и унапреди локалната туристичка економија. Целта е да се создаде образовен систем кој ќе овозможи квалитетно образование, ќе ги задржи младите во општината и ќе ги подготви за активен придонес во локалниот и регионалниот развој.

**Здравствена заштита**

Стратешка цел:

Унапредување на квалитетот, достапноста и ефикасноста на здравствената заштита во општина Крушево преку модернизација на здравствената инфраструктура, подобрување на условите за работа на здравствените работници и обезбедување на навремена и интегрирана здравствена услуга за сите категории граѓани. Посебно внимание ќе се посвети на превентивната здравствена заштита, здравствената едукација и промоцијата на здрави животни навики, со цел намалување на хроничните заболувања и подобрување на општата здравствена состојба на населението. Целта е да се обезбеди здравствен систем кој е прилагоден на современите потреби, инклузивен и со фокус на квалитетот и човековите права.

**Заштита и спасување на граѓаните и на материјалните добра**

Стратешка цел:

Јакнење на капацитетите на општината за ефикасна заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра преку развој на системи за превенција, брза и координирана интервенција при природни и технолошки несреќи, пожари и други кризни ситуации. Општина Крушево ќе создаде интегриран систем за управување со ризици, кој вклучува обуки, модерна опрема, јавна свест и вклучување на заедницата, со цел минимизирање на последиците и зголемување на отпорноста на населението и инфраструктурата. Особено внимание ќе се посвети на превенција и подготвеност за справување со климатски ризици и природни катастрофи, како и на развој на безбедносната култура во општината.

**Противпожарна заштита**

Стратешка цел:

Јакнење на капацитетите на општина Крушево за превенција, рано откривање и брзо и ефикасно реагирање при пожарни инциденти преку модернизација на противпожарната опрема, обуки за противпожарни екипи и зголемување на свеста кај граѓаните за важноста од правилна заштита од пожари. Целта е да се создаде безбедна и отпорна заедница со намалени ризици од пожари, заштитени природни и урбани средини, како и заштита на животите и имотот на граѓаните.

**Еднакви можности за жените и мажите**

Стратешка цел:

Промовирање на еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот и економскиот живот во општина Крушево преку создавање инклузивна и недискриминаторска средина која го почитува и поддржува родовото еднаквост. Ова вклучува обезбедување еднакви можности за образование, вработување, учество во јавниот и политичкиот живот, како и пристап до услуги и ресурси. Општината ќе спроведува активности за зголемување на свеста и намалување на стереотипите и предрасудите, ќе поддржува програми за оснажување на жените, како и ќе создава механизми за заштита од родово базирано насилство. Целта е Крушево да биде заедница каде секој има еднаква шанса за развој и достоинствен живот.

## VII. ИЗЈАВА ЗА РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ

Општина Крушево се залага за развој на посакувана, зелена и безбедна средина за живот, која ќе обезбеди висок квалитет на живот за сите граѓани. Во согласност со Интегрираниот локален развоен план, Општината ќе ги унапреди инфраструктурните капацитети, социјалните услуги, културниот и економскиот развој, со цел да се постигне одржлив и инклузивен локален развој.

Посебен фокус ќе биде ставен на заштитата и унапредувањето на природната и урбаната животна средина, ревитализацијата на јавните простори и одржливо управување со природните ресурси. Општината ќе промовира и поддржува претприемништво, со акцент на младите и жените, како и развој на руралните подрачја и земјоделството преку примената на еколошки и иновативни практики.

Општината ќе обезбеди пристап до квалитетни, праведни и инклузивни социјални услуги, посветувајќи внимание на ранливите категории на граѓани, како и на превенција и поддршка на семејства во ризик. Истовремено, ќе се развива и туристичката понуда, со унапредување на спортско-рекреативните активности и промоција на културното наследство и локалната гастрономија, со цел позиционирање на Крушево како атрактивна и одржлива дестинација за живеење и посета.

Управувањето во општината ќе се одвива транспарентно, родово сензитивно и инклузивно, со активно учество на сите релевантни чинители, заради создавање на долгорочна и одржлива развојна визија што ја вклучува целата локална заедница.

## VIII. РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ, ПОТПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Поглавјето го започнуваме со куса финансиска аанализа во следниве три табели и опис на:

- Трендот на приходи и расходи по сметки, и
- Трендот на вкупни расходи по надлежности

На овој начин овозможуваме увид во постоечката состојба со финансирањето на општината како основна рамка за проектирање на буџетот на ИЛРП.

**Приходи на општина Крушево**

Вкупно реализираните приходи во Општина Крушево во 2023 бележат значително зголемување во однос на 2022 година од речиси 30%, а и потоа во 2024 година има зголемување во однос на 2023 од речиси 11%.

Кај приходите, најголемо зголемување во 2023 година во однос на 2022 имаат приходите од основен буџет од 55%, а исто и во 2024 имаат најголемо зголемување од речиси 34%. Приходите од основен буџет поради континуираното зголемување од година во година, го зголемуваат и учеството во вкупните приходи и тоа од 30% во 2022 година, 36% во 2023 година, до 44% во 2024 година.

Дотациите секоја од анализираните последователни години бележат раст во однос на претходната година и тоа околу 14% годишно. Учеството на дотациите во вкупните приходи за време на целиот период предмет на анализа е над 50%, и тоа 58% во 2022, 51% во 2023 и речиси 53% во 2024 година.

Донациите во 2023 година бележат значителен раст од речиси 43%, но во 2024 година бележат уште позначителен пад од 83%. Растот на приходите од донации во 2023 година се должи на донации од ЕУ. Нивното учество в вкупните приходи е речиси 10% и 11% во 2022 и 2023 година респективно, но во 2024 година учеството е само 1,6%.

Приходите од самофинансирачки активности имаат најниско учество во структурата на вкупните приходи и се движи околу 1,5% секоја година. Овие приходи во 2023 година бележат раст од 14,5%, а во 2024 година раст од 10,6%.

***Табела 9: Приходи на општината Крушево по сметки за 2022, 2023 и 2024 година***

| | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | 50.258.373 | 78.043.812 | 55,29 | 30,49 | 36,62 | 20,09 |
| **Донации** | 16.260.737 | 23.219.825 | 42,80 | 9,87 | 10,90 | 10,43 |
| **Кредити** | - | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Самофинансисрачки активности** | 2.598.275 | 2.975.370 | 14,51 | 1,58 | 1,40 | -11,44 |
| **Дотации** | 95.694.984 | 108.880.440 | 13,78 | 58,06 | 51,09 | -12,01 |
| **Вкупно** | **164.812.369** | **213.119.447** | **29,31** | **100,00** | **100,00** | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| **Основен буџет** | 78.043.812 | 104.330.235 | 33,68 | 36,62 | 44,21 | 20,74 |
| **Донации** | 23.219.825 | 3.851.925 | -83,41 | 10,90 | 1,63 | -85,02 |
| **Кредити** | - | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Самофинансисрачки активности** | 2.975.370 | 3.289.550 | 10,56 | 1,40 | 1,39 | -0,14 |
| **Дотации** | 108.880.440 | 124.492.441 | 14,34 | 51,09 | 52,76 | 3,27 |
| **Вкупно** | **213.119.447** | **235.964.151** | **10,72** | **100,00** | **100,00** | |

**Расходи на општина Крушево**

Вкупните расходи на општина Крушево во 2023 бележат раст од 20,8%, а во 2024 година 20,5% во однос на 2023.

Расходите од основен буџет во 2023 година бележат раст од речиси 34%, а во 2024 година има раст од речиси 64%. Зголемувањето во 2023 во најголем дел е резултат на зголемувањето на платите и надоместоците, а помал дел и на зголемените расходи за стоки и услуги.

Расходите од дотации ги следат приходите од дотации, имаат исто зголемување како и приходите, односно по околу 14% годишно. Учеството на приходи од дотации во анализираниот период е над 50%, но со тренд на намалување што е многу значаен показател за зголемување на независноста на општината од централниот буџет. Учеството на приходите од дотации во 2022 година е дури 59%, во 2023 речиси 56%, а во 2024 година речиси 53%.

Расходите од донации имаат раст од 24% во 2023 година и пад од дури 80% во 2024 година. Нивното учество вкупните расходи во 2022 и 2023 година се движи околу 10%, но во 2024 година учеството е само 1,6%.

Расходите од самофинансирачки активности бележат раст од 10% во 2023 година и 20% во 2024 година. Нивното учество во вкупните расходи е под 1,5%.

Општината не е задолжена и нема расходи по основ на кредити.

*Табела 10: Расходи на општината Крушево по сметки за 2022, 2023 и 2024 година*

| | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | 47.665.689 | 63.790.061 | 33,83 | 29,42 | 32,59 | 3,49 |
| **Донации** | 16.260.737 | 20.164.408 | 24,01 | 10,04 | 10,30 | -4,10 |
| **Кредити** | - | - | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Самофинансисрачки активности** | 2.402.992 | 2.897.292 | 20,57 | 1,48 | 1,48 | -6,76 |
| **Дотации** | 95.694.984 | 108.880.440 | 13,78 | 59,06 | 55,63 | -12,01 |
| **Вкупно** | **162.024.402** | **195.732.201** | **20,80** | **100,00** | **100,00** | |
| | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| **Основен буџет** | 63.790.061 | 104.330.235 | 63,55 | 32,59 | 44,24 | 35,74 |
| **Донации** | 20.164.408 | 3.851.925 | -80,90 | 10,30 | 1,63 | -84,15 |
| **Кредити** | - | - | 0,00 | 0,00 | - | 0,00 |
| **Самофинансисрачки активности** | 2.897.292 | 3.165.500 | 9,26 | 1,48 | 1,34 | -9,32 |
| **Дотации** | 108.880.440 | 124.492.441 | 14,34 | 55,63 | 52,79 | -5,11 |
| **Вкупно** | **195.732.201** | **235.840.101** | **20,49** | **100,00** | **100,00** | |

**Расходи на општина Крушево по буџетски програми (надлежности)**

Во однос на програмите треба да се напомене дека расходите за образование и за детски градинки во најголем дел се финансирани од дотации.

Во структурата на расходите по програми најголемо учество имаат расходите за образование кои над 95% се финансирани од дотации. Нивното учество во вкупните рсходи е 50% во 2022, 47,5% во 2023 и 46% во 2024. Следни по големина на учество во структурата на вкупните расходи се расходите од програмите за комунални дејности и општинска администрација.

Најголем раст бележат програмите за комунални дејности кои секоја година во анализираниот период се повеќе од дуплирани во однос на претходната година. Општинската администрација во 2023 година има раст од 11%, но во 2024 година растот е 24%. Програмите за образование имаат исто континуиран раст и тоа речиси 15% во 2023 и речиси 17% во 2024 година. И програмата за градоначалник има континуиран раст од 30% и 10% во 2023 и 2024 година респективно, како и програмата за

противпожарна заштита и тоа 42% во 2023 и 11% во 2024 година. Покрај овие програми кои имаат континуиран раст во текот на анализираниот период, програмата за спорт и рекреација бележи континуиран пад, и тоа речиси 69% во 2023 година и 32% во 2024 година.

Програмите за урбанистичко планирање, локален економски раст и култура во 2023 година бележат раст од 11%, 57% и 147% респективно, но во 2024 година бележат пад од 12%, 73% и 23% респективно.

***Табела 11: Вкупни расходи на општината по програми (надлежности) во 2022, 2023 и 2024 година***

| Програма | 2022 | 2023 | Раст 2023/2022 | Структура 2022 | Структура 2023 | Промена во структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А Совет на општина** | 3.683.778 | 2.844.863 | - 22,77 | 2,27 | 1,45 | - 36,07 |
| **D Градоначалник** | 1.801.159 | 2.343.467 | 30,11 | 1,11 | 1,20 | 7,70 |
| **Е Општинска администрација** | 18.461.578 | 20.550.660 | 11,32 | 11,39 | 10,50 | - 7,85 |
| **F Урбанистичко планирање** | 2.436.588 | 2.705.789 | 11,05 | 1,50 | 1,38 | - 8,08 |
| **G Локален економски развој** | 4.240.204 | 6.650.274 | 56,84 | 2,62 | 3,40 | 29,83 |
| **J Комунални дејности** | 14.297.630 | 28.597.586 | 100,02 | 8,82 | 14,61 | 65,57 |
| **К Култура** | 3.223.012 | 7.977.120 | 147,51 | 1,99 | 4,08 | 104,88 |
| **L Спорт и рекреација** | 4.214.831 | 1.313.447 | - 68,84 | 2,60 | 0,67 | - 74,20 |
| **М Програми за развој** | 8.937.664 | 7.684.535 | - | 5,52 | 3,93 | - 28,83 |
| **N Образование** | 81.165.119 | 93.006.463 | 14,59 | 50,09 | 47,52 | - 5,14 |
| **Q Заштита и спасување** | - | - | - | - | - | - |
| **R Заштита на животна средина** | - | 14.160 | N/A | - | 0,01 | N/A |
| **Т Здравствена заштита** | - | - | - | - | - | - |
| **V Детски градинки и домови за стари лица** | 13.301.627 | 13.124.644 | - 1,33 | 8,21 | 6,71 | - 18,32 |
| **W Противпожарна заштита** | 6.247.864 | 8.904.193 | 42,52 | 3,86 | 4,55 | 17,97 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| X Родова еднаквост | 13.348 | 15.000 | 12,38 | 0,01 | 0,01 | - 6,98 |
| **Вкупно** | **162.024.402** | **195.732.201,00** | **20,80** | **100,00** | **100,00** | - |
| **Програма** | **2023** | **2024** | **Раст 2024/2023** | **Структура 2023** | **Структура 2024** | **Промена во структура** |
| **A Совет на општина** | 2.844.863 | 3.841.107 | 35,02 | 1,45 | 1,63 | 12,04 |
| **D Градоначалник** | 2.343.467 | 2.583.207 | 10,23 | 1,20 | 1,10 | - 8,53 |
| **E Општинска администрација** | 20.550.660 | 25.554.279 | 24,35 | 10,50 | 10,83 | 3,18 |
| **F Урбанистичко планирање** | 2.705.789 | 2.373.806 | - 12,27 | 1,38 | 1,01 | - 27,20 |
| **G Локален економски развој** | 6.650.274 | 1.782.075 | - 73,20 | 3,40 | 0,76 | - 77,76 |
| **J Комунални дејности** | 28.597.586 | 59.968.141 | 109,70 | 14,61 | 25,42 | 74,01 |
| **K Култура** | 7.977.120 | 6.169.632 | - 22,66 | 4,08 | 2,62 | - |
| **L Спорт и рекреација** | 1.313.447 | 892.930 | - 32,02 | 0,67 | 0,38 | - |
| **M Програми за развој** | 7.684.535 | - | - 100,00 | 3,93 | - | - |
| **N Образование** | 93.006.463 | 108.591.647 | 16,76 | 47,52 | 46,04 | - 3,12 |
| **Q Заштита и спасување** | - | - | - | - | - | - |
| **R Заштита на животна средина** | 14.160 | 159.800 | 1.028,53 | 0,01 | 0,07 | 836,45 |
| **T Здравствена заштита** | - | - | - | - | - | - |
| **V Детски градинки и домови за стари лица** | 13.124.644 | 14.011.813 | 6,76 | 6,71 | 5,94 | - 11,41 |
| **W Противпожарна заштита** | 8.904.193 | 9.911.664 | 11,31 | 4,55 | 4,20 | - 7,63 |
| **X Родова еднаквост** | 15.000 | 40.000 | 166,67 | 0,01 | 0,02 | 121,28 |
| **Вкупно** | **195.732.201,00** | **235.880.101,00** | **20,51** | **100,00** | **100,00** | **-** |

**Активности за подобрување на јавниот финансиски менаџмент во општината Крушево**

**Зголемување на приходната самостојност**

Приходите од дотации учествуваат со над 50% во вкупните приходи (53% во 2024), додека приходите од самофинансирачки активности се стабилен извор на финансии, но се ниски (околу 1,4%), а приходите од донации се нестабилни, нагло се зголемуваат (за 43% во 2023), па нагло паѓаат (за 83% во 2024). Затоа општината планира да пристапи кон изработка на стратегија за зголемување на сопствените приходи (локални такси, комунални надоместоци) и да се фокусира на подобрување на наплатата на локалните даноци преку дигитализација и евиденција. Дополнително, со оглед дека претставува една од општините со туристички потенцијал, општината ќе развие нови услуги со економска цена како што се туристички водич, наплата на паркинг, промотивни пакети за локални производи и слично. Исто така, општината ќе се фокусира и на активна апликација за грантови и ЕУ-фондови, со цел диверзификација на финансирањето.

**Рационализација на расходите и анализа на ефикасност по програми**

Образованието зазема околу 46% од вкупните расходи, претежно финансирано од дотации. Одредени програми, бележат континуиран раст, други континуиран пад, трети имаат непостојан тренд. Со цел рационализација на расходите ќе се спроведе анализа на трошочна ефикасност по програми, особено за комунални дејности, урбанизам и администрација. Ревидирањето на структурата на програмите, фокусирајќи се на резултати и социјален ефект очекуваме да резултира со финансирање на програми кои би имале поголеми економски и социјални користи во иднина. Исто така, ќе развиеме индикатори за изведба на програмите (на пр. трошок по ученик, трошок по километар улица) и на тој начин ќе воспоставиме планирање по перформанси во буџетскиот процес. Ќе пристапиме и кон објавување на „граѓански буџет“.

**Унапредување на планирањето и буџетската транспарентност**

Планираме да изготвиме локален инвестициски план (најмалку тригодишен) усогласен со развојните приоритети и да организираме обука за вработените да применуваат анализа на трошоци и користи при одлучувањето за финансирање на капитални проекти, но и да се изготвуваат матрица за приоритизација на проекти според јавен интерес, опфат и финансиска оправданост. Исто така, ќе воспоставиме интерен мониторинг систем за следење на реализацијата на капиталните проекти.

**Транспарентност и вклучување на јавноста**

Планираме на веб страната на општината да објавуваме буџетски податоци во отворен формат - лесни за преземање и обработка, и да организираме редовни буџетски форуми за вклучување на граѓаните и НВО во определувањето на приоритети. Информациите ќе ги прикажеме со подобра визуализација преку графикони и слики со цел да се зголеми нивната јасност и разбирливост. Ќе организираме обука за службениците во општината за отворени податоци и комуникација со јавноста.

**Зајакнување на административниот капацитет**

Ќе направиме функционална анализа со цел ревидирање на систематизацијата на работните места, согласно функционални потреби. Ќе ги зајакнеме капацитетите на администрацијата со квалитетни обуки за вработените за програмско буџетирање, јавни набавки, анализа на трошоци и користи и интегритет. Последна мерка, која е и најкомплексна е да воведеме индикатори за продуктивност и резултати на администрацијата.

## 8.1. Програма за урбанизам, градење и уредување на просторот и градежното земјиште (УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ)

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Крушево дефинирана според територијалната организација на РСМ.

**Општи цели на програмата**: Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку правење просторни услови за развој.

**Конкретни цели на програмата**: Заинтересираните граѓани за изградба во сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобро услови за живеење.

Уредувањето на градежното земјиште на општина Крушево се врши врз основа на оваа програма што претставува континуитет на сите започнати и преземени активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а е во согласност со Генерален и Детален урбанистички план за градот Крушево, ДУП за дел од "Викенд зоната" во Крушево, ДУП за индустриска зона "Опаленик", УПВНМ за Викенд населба на скијачки центар Мусица, УПВНМ за скијачки центар Станич и постоечките законски прописи.

Изготвувањето пак на урбанистичките планови на подрачјето на општина Крушево е од клучно значење за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните и вложувањето во одржлив социо-економски развој на општината.

### Потпрограма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Крушево

| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма** | Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината преку правење просторни услови за развој | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **(идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Архитектонско-урбанистички проект за спојување на градежни парцели 1.1 и 1.2 во УПВНМ за индустриска зона ОПАЛЕНИК, КО Алданци, општина Крушево<br>2 – Отуѓување на ГП 7.1; Г.П 7.4; ГП 9.6; ДУП 7, 8, 9 и 11;<br>3- Архитектонско-урбанистички проект за соларна електрана на ГП 1, КО Крушево м.в Гумова Чешма, Крушево;<br>4 – Утврдување и реализација на маркетинг стратегија | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од продажба на градежно земјиште на територијата на општината; планирање и уредување на земјиштето и изградба на планираните објекти на градежното земјиште на територија на општина Крушево | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1. Остварување на очекуваните приходи во буџетските години;<br>2. Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности;<br>3. Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за продажба, давање под закуп и/или уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Крушево итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 12<br><br>5,001,350,00 денари | | | |
| **Име на студија** | | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 1.350,00 | 1.000.000,00 | 3.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | На годишно ниво се изготвува документацијата за располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на територијата на општина Крушево | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево и прилив од приходи по основ на продажба, давање под закуп и уредување на градежно земјиште, како и донации и проекти | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на јавно наддавање, следење на процесот на отуѓување и уредување ба градежното земјиште, како и учество во јавните расправи со што ќе се овозможи урбаните решенија да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## Потпрограма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Крушево

| Име на буџетска програма | Урбанистичко планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | | |
|---|---|---|---|---|
| Потпрограма за урбанистичко планирање | Уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Крушево | Ознака на развојна потпрограма | | |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Уредување и опремување на градежно земјиште на подрачјето на општина Крушево | | | |
| Планирани активности | 1 – Изградба на индустриски, стопански објекти, сервиси и складишта – Локалитет “Опаленик“, Локалитет “Викенд зона Крушево“, Викенд населба во скијачки центар Мусица, Скијачки центар Станич | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Приходи од уредување и користење на градежно земјиште на територијата на општина Крушево | | | |
| Ризик и претпоставки | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, склучените договори со инвеститорите, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Крушево итн. | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 | | | |
| Вкупна вредност | 900.000,00 денари | | | |
| Име на студија | | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 0 | 200.000,00 | 300.000,00 | 400.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Уредувањето на градежното земјиште претставува еден континуиран процес кој се одвива со години и создава можност и простор за иден развој на градот. Динамиката на реализација на програмата, односно работите на уредување на градежното земјиште ќе зависи од повеќе фактори:<br>• Прилив на средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште;<br>• Навремено изготвување на урбанистичко-техничката документација<br>• Финансирање од други извори | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крушево и прилив од приходи по основ на уредување на градежно земјиште, како и финансирање од други извори | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во процесите на уредување на градежното земјиште, како и учество во јавните расправи | | | |

| | |
|---|---|
| | при изготвувањето на урбанистичко-техничката документација. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија и инвестиции да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. |

## Потпрограма за финансирање за изработка на урбанистички планови

| Име на буџетска програма | Урбанистичко планирање | Ознака на буџетска/општинска програма | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за урбанистичко планирање** | Финансирање за изработка на урбанистички планови | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Доброто планирање може да направи големи разлики во квалитетот на животот на граѓаните до развој на здрава економија и одржливост на животната средина. Урбанистичкото планирање е една од главните алатки со кои може да се обезбеди добро функционирање на градот. | | |
| **Планирани активности** | 1 – Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Крушево за Градска четврт 6 и Градска четврт 11; 2 – Изработка на ДУП за “Споменичка целина Крушево“; 3- Изработка на ДУП за Градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10; 4 – Изработка на ДУП за урбанистички блок 6.4 од ГУП за град Крушево; 5 – Изработка на урбанистички планови за селата: Саждево, Јакреново, Борино, Норово, Алданци, Врбоец, Митрани, Пресил; 6 – Проект за измена на траса на линиски инфрастурктурен објект утврдена во урбанистички план вон населено место за сообраќаен приклучок на индустриската зона ОПАЛЕНИК во КО Алдинци, Општина Крушево со регионален пат Прилеп-Крушево; 7 – Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализациона мрежа во н.м. Саждево; 8- Проект за инфраструктура за атмосферска и фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Пресил; 8 – Проект за инфраструктура за фекална и атмосферска канализација во н.м. Јакреново; 9 – Проект за изградба на фекална канализација и пречистителна станица за н.м Борино; 10- Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица н.м Врбоец; 11-Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за н.м. Митрани и н.м Алданци; 12 –Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба: Нов нисконапонски надземен вод низ КП бр. 1360/2, бр. 847, бр. 1351/2 и бр. 874, КО Врбоец; 13 – Проект за инфраструктура за линиска градба: Нов среднонапонски кабелски извод низ КП бр. 3731, бр. 5991, бр. 8026, бр. 7583, бр. 7635 (КО Кривогаштани), КП бр. 5985/1, бр. 2237, бр. 2240, бр. 2241, бр. 2239/1 (КО Кривогаштани вон. град), КП бр. 1351/1 и бр. 1365 (КО Врбоец); 14 – Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица “Партизанска“ – КО Крушево; 15 – Проект за инфраструктура за реконструкција на дел од постојна улица “Киро Фетак“ и дел од постојна улица “Нико Доага“ – КО Крушево; 16 – Проект за инфраструктура за изградба на општински пат од манастирот “Преображение“ до локалитетот “Ручало“ итн. 17 – Изработка на урбанистички проекти во граница на плански опфат на ДУП, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план итн. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати / ефекти** | Приходи од уредување, градба и користење на градежно земјиште на територијата на општина Крушево | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, склучените договори со инвеститорите, како и од приливот на средствата од надоместоците за градба, уредување и користење на градежно земјиште и другите средства согласно Буџетот на Општина Крушево итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 1.100.000.00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 300.000,00 | 400.000,00 | 400.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | За реализација на оваа потпрограма секоја година се изготвува извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево и прилив од приходи по основ на градба, уредување и користење на градежно земјиште, како и финансирање од други извори | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во јавните расправи при изготвувањето на урбанистичко-техничката документација, како и реализацијата на планираните урбанистички проекти. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија и инвестиции да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## 8.2. Програма за КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Програмата за комунални дејности треба да донесе рамномерен инфраструктурен развој на општина Крушево. Преку планирањето и имплементацијата на проекти ќе се обезбеди развој на повеќе области: патна инфраструктура, комунална инфраструктура, туризам, заштита на животна средина, млади, спорт и друго.

### Потпрограма за поставување на урбана опрема

| **Име на буџетска програма** | **Урбанистичко планирање** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
|---|---|---|---|

| Потпрограма за изградба на објекти | Изградба на објекти и поставување на урбана опрема | Ознака на развојна потпрограма | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Подобрување на туристичката понуда; создавање на препознатлива прекугранична туристичка дестинација; подобрување на квалитетот на живот на жителите на општина Крушево | | | |
| **Планирани активности** | 1 –Поставување на урбана опрема на места утврдени во програмата на општина Крушево за поставување на урбана опрема; 2 - уредување на дел од спортско рекреативен центар Гумење | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрени услови за спорт, рекреација и организирање на културни и туристички настани во Крушево . Просторот ќе стане пофункционален, безбеден и привлечен за граѓаните и посетителите, што ќе придонесе за зголемена физичка активност, здрав начин на живот и промоција на Гумење како атрактивна туристичко-рекреативна зона. | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 – Доцнење со реализацијата на програмата и предвидените активности; 3 - Динамиката на извршувањето ќе зависи од создадените правни и технички услови, склучени договори со инвеститори и сл. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 10.700.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 3.700.000,00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Согласно Програма за поставување на урабана опрема на општина Крушево која се донесува годишно | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево, како и финансирање од други извори | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Тоа ќе се обезбеди преку учество на жените и маргинализираните групи на граѓани во јавните расправи при изготвувањето на урбанистичко-техничката документација, како и реализацијата на планираните урбанистички проекти, односно поставувањето на урбаната опрема. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија и инвестиции да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | |

## Потпрограма за реконструкција и доградба на локални патишта

| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈГ |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за реконструкција и доградба на локални патишта** | Изградба на обиколница на Крушево | Ознака на развојна потпрограма | ЈГ0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Преку развојната програма ќе се овозможи развој на патната инфраструктура и ќе се подобри поврзаноста на селските населени места со градот како и со околните градови, а воедно ќе се подобри и туристичката инфраструктура | | |
| **Планирани активности** | 1 – Изградба на обиколница согласно предмер пресметка во повеќе фази | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена патна инфраструктура | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со реконстукцијата; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкација | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | |
| **Вкупна вредност** | 62,231,135.00 денари | | |
| **Име на студија** | / | | |

| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | 0 | 12.404.040,00 | 49.827.095,00 | 0 |

| | |
|---|---|
| **Статус на реализација на проектот** | Јавна набавка за фаза 1, и подговотка на документација за изградба на фаза 2 со учество на приватен партнер |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево и Министерство за транспорт, приватен инвеститор |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на реконструкција ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија, како и инвестициите во локалната патна инфраструктура да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. |

**Потпрограма за реконструкција и доградба на локални патишта**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за комунални дејности** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | **ЈГ** | |
| **Потпрограма за реконструкција и доградба на локални патишта** | Изградба на пристапна улица до м.в Станич | | Ознака на развојна потпрограма | **ЈГ0** | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Преку развојната програма ќе се овозможи развој на патната инфраструктура и ќе се подобри поврзаноста на градот со зимско рекреативниот центар Станич, а воедно ќе се подобри и туристичката инфраструктура | | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Изградба на пристапна улциа согласно предмер пресметка | | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена патна инфраструктура | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со реконстукцијата; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкација | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | | |
| **Вкупна вредност** | 7,569,263.00 денари | | | | |
| **Име на студија** | / | | | | |
| | 2025 | 2026 | | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 1.513.853,00 | | 6.055.410,00 | 0 |
| **Статус на реализација на проектот** | Јавна набавка | | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево и Министерство за транспорт | | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на реконструкција ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија, како и инвестициите во локалната патна инфраструктура да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. | | | | |

**Потпрограма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици**

| Име на буџетска програма | Програма за комунални дејности | | Ознака на буџетска/општинска програма | ЈГ |
|---|---|---|---|---|
| Потпрограма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинси патишта и улици | Изградба на општински патишта и улици | | Ознака на развојна потпрограма | ЈГ0 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Оваа потпрограма ги опфаќа сите активности поврзани со изработка на техничка документација, изградба, реконструкција, доградба, рехабилитација и тековно одржување на општинските улици и патишта, а се со цел непречно движење на луѓе, стоки и услуги на подрачјето на општина Крушево | | | |
| Планирани активности | 1 – Изработка на проектна документација; 2 – Надзор над изградба и реконструкција на улиците и општинските патишта; 3 – Изградба на улици и патишта; 4- Реконструкција на општински патишта; 5 – Изградба на сообраќајна сигнализација; 6 – Одржување и заштита на општинските патишта и улици (санација на нивелети, санација на одрони и заштита на косини на локални улици и патишта, одржување на потпорни ѕидови, тековно одржување и крпење на дупки; зимско одржување на улици и патишта итн.) | | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Подобрена патна инфраструктура наа подрачјето на општина Крушево | | | |
| Ризик и претпоставки | Ненавремено отпочнување со активностите; Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; Пробивање на динамиката на изведба на работите; Надминување на финансиска конструкција | | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 | | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 | | | |
| Вкупна вредност | 140.032.098,00 денари | | | |
| Име на студија | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| Индикатори | 50.032.098 | 20.000.000,00 | 30.000.000,00 | 40.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Во фаза на изградба изведба на улица Коча Милену, завршна фаза на улици во с. Јареново, за дел од улиците на ниво на основен проект. | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на Општина Крушево, Министерство за локална самоуправа, Влада на РСМ, програма за капитални инвестиции, ЈП за државни патишта | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на реконструкција ќе биде отворен за | | | |

| | |
|---|---|
| | јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените, а и изградбата и реконстукцијата ќе бидат подеднакво прилагодени за непречено движење и функционирање на сите граѓани на општина Крушево. На таков начин ќе се овозможи урбаните решенија, како и инвестициите во локалната патна инфраструктура да ги задоволуваат потребите на граѓаните на територијата на општина Крушево, а во исто време ќе бидат и родово-сензитивни. |

## Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување

| **Име на буџетска програма** | **Програма за комунални дејности** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | **ЈГ** |
|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма за изградба на водоснабдителен систем на град Крушево** | Изградба на водоснабдителен систем на град Крушево со зафаќање на води од Бушева планина | | Ознака на развојна потпрограма | ЈГ0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Развојната програма треба да донесе рамномерен инфраструктурен развој на општина Крушево. Преку планирањето и имплементацијата на проекти ќе се обезбеди развој на повеќе области: патна инфраструктура, комунална инфраструктура, туризам, заштита на животна средина, млади, спорт и друго. | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Реконструкција на објектот на пумпна станица, согласно предмер пресметка и основен проект. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена комунална инфраструктура на подрачјето на општина Крушево | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 3 – Надминување на финансиска конструкција | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 37.649.522,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Одобрен основен проект | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 1.000.000,00 | 36.649.522,00 | 0 |
| **Статус на реализација на проектот** | Потпишан договор за фаза архитектура, пред јавна набавка за фаза, хидро и електро | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево, Министерство за животна средина и просторно планирање, Европска Инвестициона Банка | | | |

| | |
|---|---|
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Имплементацијата на проектот ќе биде отворена за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. |

## Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за комунални дејности** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | **ЈГ** |
| **Потпрограма за изградба на водоснабдителен систем на град Крушево** | Доградба и реконструкција на водоводна мрежа во Крушево – фаза 3 | | Ознака на развојна потпрограма | ЈГ0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Развојната програма треба да донесе рамномерен инфраструктурен развој на општина Крушево. Преку планирањето и имплементацијата на проекти ќе се обезбеди развој на повеќе области: патна инфраструктура, комунална инфраструктура, туризам, заштита на животна средина, млади, спорт и друго. | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Изградба на систем за водоснабдување согласно предмер пресметка и основен проект, за подобрување на водоснабдувањето на град Крушево од и намалување на загубите на неприходувана вода | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена комунална инфраструктура на подрачјето на општина Крушево | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкција | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 17.400.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Основен проект | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 9.400.000 | 5.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | На ниво на изработка на основен проект | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево, Министерство за локална самоуправа | | | |

| | |
|---|---|
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на изградба на системот за водоснабдување за град Крушево со зафаќање на водите од Бушева планина ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. |

## Потпрограма за изградба на системи за водоснабдување

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за комунални дејности** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | **Ј1** |
| **Потпрограма за изградба на водоснабдителен систем на град Крушево** | Реконструкција на пумпна станица во с. Норово за водоснабување на Крушево | | Ознака на развојна потпрограма | Ј10 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Проектот се однесува на целосна реконструкција на пумпна станица во с. Норово за водоснабдување на град Крушево, со која е планирано да се замени целокупната средно напонска и ниско напонска опрема со трансформаторите и целокупната електрична инсталација во објектот на пумпната станица, фасонски елементи, арматури, акумулаторска батерија и да се инсталираат две нови пумпи.<br>Цели:<br>• Подобрување на сигурноста и континуитетот на водоснабдувањето;<br>• Енергетска ефикасност и намалување на трошоци;<br>• Подобрена безбедност и управување;<br>• Одржливост и заштита на животната средина; | | | |
| **Планирани активности** | 1 – Изградба на систем за водоснабдување соогласно предмер пресметка и основен проект, за подобрување на водоснабдувањето на град Крушево и намалување на загубите на неприходувана вода | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Подобрена комунална инфраструктура на подрачјето на општина Крушево | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 – Ненавремено отпочнување со активностите; 2 – Доцнење со подготовка на техничка документација и изведувачи; 3 – Пробивање на динамиката на изведба на работите; 4 – Надминување на финансиска конструкција | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 | | | |
| **Вкупна вредност** | 36.649.522,57 денари | | | |
| **Име на студија** | Основен проект | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0 | 36.649.522,57 | 0 | 0 |

| | |
|---|---|
| **Статус на реализација на проектот** | Пред отпочнување на јавна набавка |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на Општина Крушево, Министерство за локална самоуправа – Проект за подобрување на водната инфраструктура во општините во Северна Македонија |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата ќе ги таргетира потребите и на мажите и на жените, како и на маргинализираните групи на граѓани. Изработката на документацијата и процесот на изградба на системот за водоснабдување за град Крушево со зафаќање на водите од Бушева планина ќе биде отворен за јавноста и со подеднакво вклучување во процесите и на мажите и на жените. |

## Потпрограма за капитални расходи за јавна чистота

| **Име на буџетска програма** | **Програма за комунални дејности** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | **ЈК** |
|---|---|---|---|
| **Потпрограма за капитални расходи за јавна чистота** | Воведување на интегриран систем за управување со отпад | Ознака на развојна потпрограма | ЈК0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Одржлив, ефикасен и еколошки интегриран систем за управување со отпад кој ќе го намали негативното влијание врз животната средина и ќе ја подобри квалитетот на живот на граѓаните. | | |
| **Планирани активности** | 1-Подготовка техничка документација за опрема,и инфраструктура, 2-изградба на центар за секундарна селекција на отпадот, 3- набавка на опрема и возила, 4- организација на системот за собирање, 5- јавна кампања и едукација, 6- Мониторинг и управување со проектот. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | 1. Подобрен систем за собирање и селекција на отпадот,<br>2. Воспоставена инфраструктура за рециклирање и третман,<br>3. Намалено количество отпад што завршува на депонија,<br>4. Подигната јавна свест и промена на навиките,<br>5. Зајакнати капацитети на општината и јавните претпријатија,<br>6. Подобрени економски и оперативни перформанси. | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризик: Недоволно буџетски средства за целосна имплементација или одржување.<br>Претпоставка: Општината обезбедува финансиска стабилност и кофинансирање. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | 2025 | | |
| **Датум на завршување на проектот** | 2028 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупна вредност** | | | | |
| **Име на студија** | Студија за управивање со отпадот во Крушево | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 300,000.00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | На ниво на студија | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Во партнерсто во ЈКП Комуна Крушево, министерство за животна средина и просторно планирање, приватни субјекти | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата е дизајнирана да обезбеди еднакво учество на жени и мажи во сите фази на проектот, вклучувајќи јавни кампањи, едукативни работилници, волонтерски активности и обуки за персоналот. Активностите ќе бидат прилагодени така што жените и мажите подеднакво да можат да учествуваат и да влијаат на донесување одлуки. Покрај тоа, проектот ќе собира податоци според родови индикатори за да се следи застапеноста и ефектот врз различните групи, со цел постојано прилагодување на активностите за постигнување родова еднаквост. Кампањите и едукативните пораки исто така ќе промовираат важност на активното учество на жените и мажите во управувањето со отпадот и одржувањето на чиста животна средина. | | | |

## 8.3. Програма за РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество. И покрај бројните примери на јавна препознатливост и постигнат напредок, еднаквоста помеѓу половите сѐуште не е реалност во секојдневниот живот. Во пракса мажите и жените не ги уживаат истите права. Сѐуште постојат социјални, политички, економски и културни нееднаквости. Ваквите нееднаквости се резултат на традиционалниот и социјалниот менталитет наметнат поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, организацијата на општеството итн. Има толку многу области во кои може да се делува со наметнување на нов пристап и правење на структурни промени.

За реализација на целите на Програмата, Општина Крушево ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите. Во контекст на дефинираните цели активностите најмногу ќе се насочуваат кон едукација и обука на населението и сите чинители во доменот на еднаквите можности.

## Потпрограма за еднакви можности на жените и мажите

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за еднакви можности на жените и мажите** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | |
| **Развојна потпрограма** | Програма за еднакви можности на жените и мажите | Ознака на развојна потпрограма | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Основна цел на оваа програма е да се обезбеди еднаков пристап на жените и мажите во сите области од општественото живеење во општината што подразбира обезбедување на еднаков пристап до информации, финансиска поддршка, како и вклучување во креирањето на локални политики | | |
| **Планирани активности** | 1 – Обуки за родова интегрција на вработените и советот на Општина Крушево; 2 - Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници; 3 - Ефективно учество на жените во институциите и донесувањето на одлуките; 4 - Премостување на родовиот јаз во угостителските науки; 5 - Подигање на свест за репродуктивно здравје; 6 - Превенција од сексуални болести; 7 - Лекарски прегледи за рано откривање на РАК на дојка/ матка/простата; 8 - Организирање на јавна кампања за информирање за сите форми на насилството и механизми за нивна превенција; 9- Олеснување на пристапот на жените до пазарот на трудот, 10- јакнење на руралната жена за интеграција во општеството и вкучување во пазар на труд. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Еднакви можности и пристап на жените и мажите до ресурсите на општината | | |
| **Ризик и претпоставки** | Пробивање на финансиската конструкција; пробивање на временски рокови за реализација; Недоволен интерес од страна на локалното население за реализација на предвидените активности итн. | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | |
| **Вкупна вредност** | 180.000,00 денари | | |
| **Име на студија** | Програма за еднакви можности на жените и мажите во општина Крушево | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 60,000,00 | 60,000,00 | 60,000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Активностите се реализираат согласно годишните програми на општината | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Крушево | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Реализацијата на програмата за еднакви можности на жените и мажите овозможува еднаков пристап до ресурсите на општината за сите граѓани – жители на општината, а преку активностите се унапредува и | | | |

| | |
|---|---|
| | практикувањето на родовата еднаквост во сите сфери на општественото живеење овозможувајќи им на жените и маргинализираните групи на граѓани подеднакво да имаат можност да се вклучат во креирањето и реализацијата на локалните политики на општината. Со тоа воедно се зголемува и процесот на доверба и чувството на "сопственост" на процесите. |

## 8.4 Програма за ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Согласно член 22 од **Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002)**, Општината е надлежна за планирање и спроведување на локалниот економски развој, создавање услови за поттикнување на претприемништвото и вработувањето, развој на мали и средни претпријатија, унапредување на локалната инфраструктура со економско значење, како и промоција на локалните ресурси и потенцијали. Во таа насока, Општина Крушево ги дефинира насоките, целите и активностите за поттикнување на одржлив економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.

Локалниот економски развој претставува клучен приоритет на Општина Крушево со цел поттикнување на економската активност, отворање нови работни места, поддршка на претприемништвото и зголемување на конкурентноста на локалната економија.

Со оваа Програма Општината поставува насоки за координирано делување на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во насока на одржлив и рамномерен развој на локалната заедница.

Програмата ги дефинира приоритетите, целите и активностите кои ќе се реализираат во рамките на надлежностите на Општината и во соработка со релевантни институции и партнери кои ќе придонесат за одржлив економски раст и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Општа цел на програмата: Создавање поволна деловна клима и поттикнување на одржлив локален економски развој преку јакнење на локалните капацитети, инвестиции и вработување.

### Потпрограма за поддршка на локалниот економски развој

| **Име на буџетска програма** | **Програма за локален економски развој** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | Г1 |
|---|---|---|---|
| **Развојна потпрограма** | Поддршка на локалниот економски развој | Ознака на развојна потпрограма | Г10 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | 1. Поттикнување на економски активности и зголемување на вработеноста на локално ниво.<br><br>2. Подобрување на условите за инвестирање и развој на мали и средни претпријатија. | | |

| | |
|---|---|
| | 3. Поддршка на претприемништвото, туризмот и агробизнисот. |
| **Планирани активности** | 1-Изработка и спроведување на Локален план за економски развој, 2-Организација на обуки, форуми и настани за поддршка на локални бизниси и стартапи, 3-Развивање и одржување на локални бизнис-зони и инфраструктура за економски развој, 4-Поттикнување на јавно-приватни партнерства и регионална соработка, 5-Подготовка на проекти за аплицирање пред национални и меѓународни фондови. |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Подобрен локален економски амбиент и зголемен број на активни компании,<br>✓ Отворени нови работни места и зголемена локална конкурентност,<br>✓ Подобрена деловна инфраструктура и зголемени инвестиции,<br>✓ Поголема координација помеѓу општината, стопанството и невладиниот сектор. |
| **Ризик и претпоставки** | Пробивање на финансиската конструкција; пробивање на временски рокови за реализација; недоволен интерес од страна на локалното население и инвеститорите за реализација на предвидените активности; недоволна координација со централните институции, недоволна искористеност на донаторските програми итн. |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година |
| **Вкупна вредност** | 180.000,00,00 денари |
| **Име на студија** | Програма за локален економски развој |

| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатори** | 0.00 | 60.000,00 | 60.000,00 | 60.000,00 |

| | |
|---|---|
| **Статус на реализација на проектот** | Активностите се реализираат согласно годишните програми на општината |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Крушево, буџет на РСМ, во партнерство со бизнис-сектор, невладини организации, централни институции и донаторски програми (EU, UNDP, IPA CBC) |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата „Поддршка на локалниот економски развој – родова респонзивност" има за цел да поттикне економски развој во општината со посебен акцент на еднакви можности за жени и мажи. Преку обуки, финансиска и менторска поддршка за женско претприемништво, како и вклучување на родова перспектива во локалните политики, се овозможува инклузивно економско опкружување и намалување на родовите нееднаквости. |

## Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за локален економски развој** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | Г2 |
| **Развојна потпрограма** | Изградба на ново полетувалиште за | Ознака на развојна потпрограма | Г20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | параглајдинг „ЦРН ВРВ“ во близина на Крушево | | | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | ✓ Подобрување на спортската и рекреативната инфраструктура во општина Крушево,<br>✓ Поттикнување на туризмот, со фокус на авантуристички и екстремни спортови,<br>✓ Создавање безбедно и атрактивно место за параглајдинг што ќе привлече домашни и странски посетители. | | | |
| **Планирани активности** | 1-подготовка на локацијата за полетувалиштето, 2-изградба на потребната инфраструктура: терен за полетување и уредување на површината околу полетувалиштето, 3-обезбедување на пристапен пат и паркинг за посетителите | | | |
| | | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Ново безбедно полетувалиште за параглајдинг во Крушево,<br>✓ Зголемен туристички и спортски потенцијал на регионот,<br>✓ Поттикнување на локалната економија преку зголемен број посетители,<br>✓ Промоција на Крушево како дестинација за авантуристички туризам. | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Неповолни временски услови во текот на градбата, навремено завршување на постапката на јавна набавка. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 8.610.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за локален економски развој | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 8.610.000,00 | 0.00 | 0.00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Во фаза на подготовка на тендерска документација. | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Крушево и IPA CBC МКД – Албанија. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел да поттикне локален економски развој со фокус на еднакви можности за жени и мажи, преку поддршка на женско претприемништво, родово сензитивни политики и инклузивни економски активности. | | | |

## Потпрограма за поттикнување на развојот на туризмот

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за локален економски развој** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | Г2 |
| **Развојна потпрограма** | Поттикнување на развојот на туризмот | Ознака на развојна потпрограма | Г20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | ✓ Развивање и промовирање на туристичкиот потенцијал на Општина Крушево,<br>✓ Зголемување на бројот на туристи и должината на нивниот престој,<br>✓ Развивање на одржлив, еко и културен туризам во согласност со локалните ресурси. | | | |
| **Планирани активности** | 1-изработка и ажурирање на Локална стратегија за туризам и акциони планови, 2- поддршка на туристичките манифестации, спортски и културни настани, 3- унапредување и обележување на туристички патеки, културно-наследни локации и панорамски точки, 4-развивање на промотивни материјали и дигитална кампања за туристичка промоција, 5- поддршка на приватниот сектор во развој на сместувачки и угостителски капацитети, 6- поттикнување на едукативни активности за туристички водичи, 7 - учество на национални и меѓународни туристички саеми. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Зголемен број на туристи и ноќевања во општината.<br>✓ Подобрена туристичка инфраструктура и услужен квалитет.<br>✓ Препознатлив туристички бренд на Крушево како дестинација за активен, спортски и културен туризам.<br>✓ Зголемена економска активност преку поврзани дејности (угостителство, транспорт, занаетчиство). | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Недоволно финансиски средства, неповолни временски услови за дел од туристичките активности, недоволен интерес од приватниот сектор за инвестиции во туризмот, непредвидени ограничувања за учество на домашни и меѓународни настани итн. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 11.000.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Програма за локален економски развој | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Активностите се реализираат согласно годишната програма за туризам на Општина Крушево и планот за локален економски развој. | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Крушево, буџет на РСМ, во партнерство со бизнис-сектор, невладини организации, централни институции и донаторски програми (EU, UNDP, IPA CBC) | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел да поттикне развој на туризмот во општината со родово сензитивен пристап, овозможувајќи еднакви можности за учество и користење на придобивките од туристичките активности за жени и мажи. | | | |

## Потпрограма – изградба на објекти

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | ГА |

| | **Програма за локален економски развој** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма изградба на објекти – реконструкција на градски пазар во Крушево | Ознака на развојна потпрограма | ГА0 | |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | ✓ Подобрување на условите за работа на продавачите и купувачите преку модернизација на пазарната инфраструктура.<br>✓ Поттикнување на локалната економија и зголемување на продажбата на домашни производи.<br>✓ Обезбедување хигиенски, безбедносни и еколошки стандарди во согласност со современите барања.<br>✓ Создавање атрактивен и функционален простор кој ќе придонесе за урбан развој и уредување на градското подрачје | | | |
| **Планирани активности** | 1-изведба на градежни работи – реконструкција на кровна конструкција, оштетни ѕидови, подни површини, замена на оштетна дограма, 2-подобрување на изолација на водоводната и канализационата мрежа во делот на паркингот. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Целосно реконструиран и функционален градски пазар со подобрени услови за работа и купување.<br>✓ Зголемена економска активност на локалните производители и трговци.<br>✓ Подобрени хигиенски и еколошки стандарди. | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: недоволни финансиски средства, можни доцнења во изведбата поради временски услови, административни пречки при одобрување на проектната документација поради локација на објектот во заштитена целина на Крушево.<br>Претпоставки: обезбедени финансиски средства, поддршка од локалната заедница и пазарните корисници, успешна координација меѓу изведувачите и надзорните тела | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 6.845.340,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Основен проект | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 3.845.340,00 | 3.000.000,00 | 0.00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Во фаза на изработка на техничка документација | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Буџет на општина Крушево, донаторски проекти, буџет на РСМ | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел реконструкција на градскиот пазар со родово сензитивен пристап, обезбедувајќи еднакви услови и можности за жени и мажи продавачи и купувачи, во безбеден, уреден и инклузивен простор. | | | |

## Потпрограма за проекти за енергетска ефикасност

| Име на буџетска програма | Програма за локален економски развој | Ознака на буџетска/општинска програма | ГД |
|---|---|---|---|
| Развојна потпрограма | Проекти за енергетска ефикасност | Ознака на развојна потпрограма | ГД0 |
| Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | 1. Намалување на потрошувачката на енергија во јавни и приватни објекти.<br>2. Поттикнување на употреба на обновливи извори на енергија.<br>3. Зголемување на свеста за одржлива енергетска потрошувачка. | | |
| Планирани активности | 1-енергетска евалуација на јавни и приватни објекти, 2-изградба или реконструкција на објекти со мерки за енергетска ефикасност (изолација, енергетски ефикасни инсталации, соларни панели), 3-обуки и едукација за локалната заедница и компаниите. | | |
| Очекувани резултати / ефекти | Намалена потрошувачка на енергија за во јавните објекти под надлежност на локалната самоуправа.<br>Позитивно влијание врз животната средина и намалување на трошоци. | | |
| Ризик и претпоставки | Недостаток на финансирање, технички предизвици, ниска заинтересираност на корисниците итн. | | |
| Датум на започнување со имплементација на проектот | Март 2025 година | | |
| Датум на завршување на проектот | Декември 2028 година | | |
| Вкупна вредност | 12.000.000,00 денари | | |
| Име на студија | Програма за локален економски развој | | |

| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
|---|---|---|---|---|
| Индикатори | 0.00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| Статус на реализација на проектот | Активностите се реализираат согласно годишната програма на општината | | | |
| Начин на реализација (самостојно или во партнерство) | Буџет на општина Крушево, донаторски проекти, буџет на РСМ | | | |
| Родова респонзивност (краток опис) | Потпрограмата има за цел да промовира енергетска ефикасност во општината со вклучување на родова перспектива, обезбедувајќи еднакви можности за учество на жени и мажи во донесувањето одлуки, обуките и имплементацијата на енергетски проекти и подобрување на благосостојбата на жените и мажите. | | | |

## 8.5. Програма за КУЛТУРА

Програмата за култура има за цел да го унапреди културниот живот во општината, да ја зачува и промовира локалната традиција и културно наследство, како и да ги поттикне креативноста и уметничките активности меѓу граѓаните. Општината преку оваа програма обезбедува поддршка за културни институции, локални уметници

и организации, организира културни настани и работилници, и создава услови за развој на културниот туризам.

Програмата се фокусира на следниве аспекти:

- ✓ Зачувување на традицијата и културното наследство – преку поддршка на локални фестивали и традиционални настани.
- ✓ Промоција на креативноста и уметничките активности – преку обуки, работилници, изложби.
- ✓ Достапност и инклузивност – овозможување културни содржини за сите граѓани, вклучително и за младите, ранливите групи.
- ✓ Развој на културниот туризам – создавање културни содржини кои привлекуваат посетители и придонесуваат за локалната економија, преку збогатување на туристичката понуда на Крушево како дестинација.

Општината ќе соработува со локални организации, институции и индивидуални уметници, како и со граѓаните, за да се реализираат активности кои директно ја подобруваат културната понуда и го зајакнуваат културниот идентитет на Крушево.

**Потпрограма културни манифестации и творештво**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за култура** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | К4 |
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за културни минифестации и творештво | Ознака на развојна потпрограма | К40 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | 1. Поттикнување на локално творештво и културни иницијативи.<br>2. Поддршка на млади и локални уметници преку изложби, концерти и работилници.<br>3. Развој на културниот туризам преку привлекување публика на минифестации.<br>4. Зголемување на учеството на граѓаните во културни активности и градење на заедничка културна свест. | | |
| **Планирани активности** | 1-организирање на локални минифестивали, уметнички изложби и концерти, 2- поддршка на индивидуални и групни проекти на локални уметници, 4- промоција на настаните преку медиуми, социјални мрежи, 5 – воспоставување на соработка со училишта, граѓански организации и културни институции. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | Зголемен број на реализирани минифестации и учесници на истите.<br>Позитивен ефект врз локалниот културен туризам и економија.<br>Зголемена културна свест и учество на граѓаните во локални активности<br>Создавање на мрежа и партнерства меѓу локални творци и организации. | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: Недоволно финансирање, ниска посетеност, организациски предизвици.<br>Претпоставки: Обезбедени средства, заинтересирани уметници и учесници, соработка со локални институции, навремена подготовка и промоција на настаните. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 6.000.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Потпрограмата се реализра секоја година, со континуирана поддршка на локални културни настани и творечки иницијативи во текот на годината. Дел од активностите се реализираат сезонски, во зависност од културни случувања во општината. | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Потпрограмата се реализира во партнерство со локални културни институции, здруженија на граѓани, училишта и индивидуални уметници, под координација на Општина Крушево. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел поддршка на културни манифестации и творештво со родово сензитивен пристап, преку промовирање еднакво учество и видливост на жени и мажи во културниот живот и уметничкото изразување. | | | |

## Потпрограма за капитални расходи во културата

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за култура** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | КА |
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за капитални расходи во културата – реконструкција на домот на култура во Крушево | Ознака на развојна потпрограма | КА0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | 1. Обновување и модернизација на Домот на култура за обезбедување современи услови за културни, едукативни и социјални активности.<br>2. Поттикнување на локалната културна сцена и зголемување на учеството на граѓаните во културни настани.<br>3. Создавање безбедно и достапно место за сите категории граѓани, вклучувајќи и лица со посебни потреби. | | |
| **Планирани активности** | 1-градежни работи: реконструкција на фасада, кров, електрична и водоводна инсталација, 2-модернизација на интериерот: простории за активности, 3-обезбедување на безбедносни и пристапни елементи за лица со попреченост. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Реконструиран и модернизиран Дом на култура со подобри услови за културни и социјални активности.<br>✓ Зголемување на бројот на културни настани и учесници во нив.<br>✓ Поттикнување на локалната културна сцена и развој на граѓанската заедница.<br>✓ Подобрување на безбедноста и пристапноста на објектот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: недоволно финансирање, одложување поради неповолни временски услови.<br><br>Претпоставки: обезбедени финансиски средства, добиени сите потребни дозволи, спроведување на градежни активности според договорена динамика. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 29,050,000.00,00 денари | | | |
| **Име на студија** | Основен проект за реконструкција и адаптација на Дом на култура во Крушево | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 19,050,000.00 | 10.000.000.00 | 0.00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Основен проект | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Во партнерство со локални културни институции и министерства. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел реконструкција на Домот на култура во согласност со принципите на родова еднаквост, преку обезбедување пристапен, безбеден и инклузивен простор кој еднакво ги поттикнува културните активности и учеството на жени и мажи во културниот живот на заедницата. | | | |

## 8.6. Програма за СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Спортот претставува значаен сегмент од општествениот живот и има голема улога во унапредувањето на здравјето, социјалната кохезија и позитивните вредности во заедницата. Преку поддршка на спортски клубови, организирање на спортски натпревари, турнири и рекреативни активности, локалната самоуправа создава услови за активно учество на сите категории на население во спортот и физичката култура.

Општина Крушево преку оваа програма ќе работи на подобрување на спортската инфраструктура, поддршка на младински и училишни спортови, како и на промовирање на здрав начин на живот. Посебен акцент ќе се стави на инклузивни спортски активности и развој на рекреативен туризам како дел од спортската понуда на општината.

### Потпрограма за капитални расходи за спорт и рекреација

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за спорт и рекреација** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | ЛА |
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за капитални расходи за спорт и рекреација | Ознака на развојна потпрограма | ЛА0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | Со реализација на оваа потпрограма ќе се обезбеди подобрување на спортската инфраструктура и создавање услови за развој на спортот и рекреацијата на локално ниво. Целите се насочени кон поттикнување на физичката активност, поддршка на младите, промовирање на здрави животни навики и развој на спортскиот туризам. | | | |
| **Планирани активности** | 1-Изградба, доградба, реконструкција и уредување на спортски терени на м.в.Гумење, игралишта во населните места на општината, 2 – уредување на пешачки и велосипедски патеки. | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Зголемен број на спортски содржини и објекти достапни за граѓаните.<br>✓ Подобрени услови за тренирање и натпреварување.<br>✓ Поголема вклученост на младите во спортски активности.<br>✓ Подобрување на здравствената состојба и квалитетот на живот на населението.<br>✓ Поттикнување на спортскиот туризам во општината. | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: недоволни финансиски средства за целосна реализација на планираните инвестиции.<br>Претпоставка: активна поддршка и учество на спортските клубови, училиштата и граѓаните во користење и одржување на спортската инфраструктура. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 9.690.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 3.690.000,00 | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Основни проекти | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Потпрограмата ќе се реализира самостојно од страна на Општина Крушево, со можност за партнерства со спортски клубови, училишта, здруженија на граѓани во делот на користење, одржување или ко-финансирање на одделни проекти. За реализација на поголеми инвестиции потребно е аплицирање за средства преку национални и меѓународни фондови. | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел унапредување на спортската и рекреативната инфраструктура со родово сензитивен пристап, обезбедувајќи еднакви можности и услови за активно учество на жени и мажи во спортот и рекреацијата. | | | |

## Потпрограма за капитални расходи за спорт и рекреација

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **Програма за спорт и рекреација** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | ЛА |
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за капитални расходи за спорт и рекреација – | Ознака на развојна потпрограма | ЛА0 |

<table>
<tr><td></td><td colspan="2">изградба на спортска сала во Крушево</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)</td><td colspan="4">✓ Подобрување на спортската инфраструктура во општината и создавање современи услови за физичко образование.<br>✓ Зголемување на пристапот на младите до спортски и рекреативни активности.<br>✓ Поддршка на развојот на локални спортски клубови и можност за организирање на натпревари и настани.<br>✓ Поттикнување на здрави животни навики кај децата и младите.<br>✓ Подобрување на локалниот квалитет на живот и создавање услови за одржлив развој на заедницата.</td></tr>
<tr><td>Планирани активности</td><td colspan="4">1-Изградба на спортска сала во близина на хотел Монтана: Градежни активности, набавка и поставување спортска опрема, технички прием и пуштање во употреба.</td></tr>
<tr><td>Очекувани резултати / ефекти</td><td colspan="4">✓ Изградена и целосно функционална спортска сала согласно сите стандарди.<br>✓ Подобрени услови за наставата по физичко образование во основните/средното училишт во Крушево.<br>✓ Зголемен број на ученици и млади кои активно се занимаваат со спорт.<br>✓ Можност за организирање натпревари, турнири и јавни спортски настани<br>✓ Позитивно влијание врз здравјето и социјалната интеграција на младите.<br>✓ Поттикнување на локалниот економски развој преку користење на објектот за подготовки на национални сортски екипи.</td></tr>
<tr><td>Ризик и претпоставки</td><td colspan="4">Ризици: Одложувања во постапките за јавни набавки или жалбени постапки, зголемување на цените на градежни материјали, непредвидливи временски услови што може да го продолжат градежниот рок, потенцијални промени во законска регулатива, недоволно финансирање или доцнење во обезбедување средства.<br>Претпоставка: Поддршка и координација од релевантните институции (министерство за спорт), навремено обезбедување на техничка документација и одобрение за градба, капацитет и подготвеност на изведувачот за навремена и квалитетна реализација.</td></tr>
<tr><td>Датум на започнување со имплементација на проектот</td><td colspan="4">Март 2026 година</td></tr>
<tr><td>Датум на завршување на проектот</td><td colspan="4">Декември 2026 година</td></tr>
<tr><td>Вкупна вредност</td><td colspan="4">20.000.000,00 денари</td></tr>
<tr><td>Име на студија</td><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td></td><td>2025</td><td>2026</td><td>2027</td><td>2028</td></tr>
<tr><td>Индикатори</td><td>0.00</td><td>20.000.000,00</td><td>0,00</td><td>0,00</td></tr>
<tr><td>Статус на реализација на проектот</td><td colspan="4">Основни проекти</td></tr>
<tr><td>Начин на реализација (самостојно или во партнерство)</td><td colspan="4">Потпрограмата ќе се реализира самостојно од страна на Општина Крушево, со можност за партнерства со спортски клубови, училишта, здруженија на граѓани во делот на користење, одржување или ко-финансирање на одделни проекти. За реализација на поголеми</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | инвестиции потребно е аплицирање за средства преку национални и меѓународни фондови. |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел унапредување на спортската и рекреативната инфраструктура со родово сензитивен пристап, обезбедувајќи еднакви можности и услови за активно учество на жени и мажи во спортот и рекреацијата. |

## 8.7. Програма за ОБРАЗОВАНИЕ

Програмата за образование има за цел унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање подобри услови за работа во образовните установи и обезбедување еднаков пристап до квалитетно образование за сите деца и ученици.

Со реализацијата на програмата се поттикнува развој на современо, инклузивно и одржливо образование, преку поддршка на наставниците, подобрување на инфраструктурата, набавка на наставни средства, примена на дигитални технологии и развивање на соработка меѓу училиштата, родителите и локалната заедница.

### Потпрограма за капитални расходи во основно образование

| **Име на буџетска програма** | **Програма за култура** | **Ознака на буџетска/општинска програма** | НА |
|---|---|---|---|
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за капитални расходи во основно образование | Ознака на развојна потпрограма | НА0 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | ✓ Подобрување на условите за изведување на наставата во основните училишта.<br>✓ Подигање на безбедноста, енергетската ефикасност и функционалноста на училишните објекти.<br>✓ Создавање современа и поттикнувачка средина за учење.<br>✓ Поддршка на процесот на дигитализација и иновативно образование преку инфраструктурни инвестиции. | | |
| **Планирани активности** | 1-реконструкција, адаптација и санација на училишни згради, кровови, санитарии и училници, 2-енергетска ефикасност – промена на прозорци, фасади, термоизолација и грејни системи, 3-реконструкција или уредување на дворни површини, 4-набавка на училишен мебел, 5-подобрување на пристапноста за лица со попреченост. | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Подобрени физички и технички услови за настава во двете основни училишта со подрачните училишта во општината, особено во с. Алданци, Врбоец и Пресил.<br>✓ Намалени трошоци за енергија и одржување преку енергетски ефикасни решенија.<br>✓ Зголемена безбедност и удобност за учениците и вработените.<br>✓ Подигнат квалитет на наставниот процес преку подобра опрема и средина.<br>✓ Поттикната мотивација на учениците и наставниците. | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: Недоволно средства во буџетот на општината или или доцнење на финансиските средсва кај донатори. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Претпоставки:Буџетските или донаторските средства се обезбедени навремено, соработката со училиштата, наставниците и родителите е континуирана, временските услови дозволуваат изведување на градежните активности во планираниот период согласно учебната година. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 11.000.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 0.00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | Основни проекти | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Самостојно: Општината директно реализира градежни активности, набавка на опрема од помали размери поради ограничен општински буџет.<br>Во партнерство со донатори или други јавни институции, со цел подобра координација и оптимално користење на ресурсите | | | |
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата е насочена кон унапредување на инфраструктурата на основните училишта, обезбедување современи наставни простории, енергетска ефикасност и безбедност на учениците и наставниот кадар. Вклучува реконструкција, санација на повеќе подрачни училишта кои во досегашниот период не се реконструирани, набавка на опрема и уредување на училишните дворови. | | | |

## 8.10. Програма за СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА

Програмата има за цел обезбедување на поддршка и заштита на ранливите категории граѓани и децата, со акцент на создавање безбедна и стабилна средина за раст и развој.

Со реализацијата на програмата се поттикнува: поддршка на семејства и деца во социјално ризични ситуации, заштита на правата и интересите на децата, обезбедување на пристап до социјални услуги и поддршка на институции и организации кои работат со деца и ранливи категории, соработка со заедницата, невладиниот сектор и релевантни институции за подобрување на социјалната грижа.

Програмата се финансира од буџетот на општината, национални и донаторски средства, согласно законските прописи.

### Потпрограма за социјална заштита

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | | **Ознака на буџетска/општинска програма** | В3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Програма за социјална заштита и заштита на децата** | | | |
| **Развојна потпрограма** | Потпрограма за социјална заштита | | Ознака на развојна потпрограма | В30 |
| **Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)** | ✓ Поддршка и заштита на ранливите категории граѓани, вклучително деца, стари лица и семејства со ниски приходи,<br>✓ Поттикнување на социјална инклузија и еднакви можности за сите граѓани,<br>✓ Поддршка на институции и организации кои работат со деца и ранливи категории | | | |
| **Планирани активности** | 1-обезбедување на финансиска и материјална за семејства и поединци во социјален ризик, 2-организација на едукативни, културни и превентивни активности и настани за деца и млади, 3-поддршка на локални невладини организации и институции кои нудат социјални услуги, 4-програми за поддршка на ранливи групи и млади од општината (стипендии). | | | |
| **Очекувани резултати / ефекти** | ✓ Зголемена заштита и поддршка на децата и ранливите категории граѓани.<br>✓ Подобрена достапност и квалитет на социјалните услуги.<br>✓ Зголемена вклученост на семејствата и заедницата во процесот на социјална грижа.<br>✓ Подобрена координација меѓу општината, институциите и невладиниот сектор.<br>✓ Подигната свест за важноста на заштита и поддршка на ранливите групи. | | | |
| **Ризик и претпоставки** | Ризици: Недоволни или доцнење на финансиските средства, недоволна соработка од страна на институциите или семејствата, ограничен капацитет на локални организации за имплементација на проектни активности.<br>Претпоставки: Буџетските и донаторските средства се обезбедени навремено, активна соработка со институции, невладини организации и заедницата, поддршка од релевантните национални институции. | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на проектот** | Март 2025 година | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2028 година | | | |
| **Вкупна вредност** | 1.900.000,00 денари | | | |
| **Име на студија** | / | | | |
| | 2025 | 2026 | 2027 | 2028 |
| **Индикатори** | 440.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 |
| **Статус на реализација на проектот** | | | | |
| **Начин на реализација (самостојно или во партнерство)** | Самостојно кога општината директно организира и спроведува активности, обезбедува финансиска и материјална помош и во партнерство кога дел од активностите се реализираат заедно со локални невладини организации, социјални институции, донатори и други јавни организации, со цел поголема ефикасност и достапност на услугите. | | | |

| | |
|---|---|
| **Родова респонзивност (краток опис)** | Потпрограмата има за цел унапредување на системот за социјална заштита преку родово сензитивен пристап, обезбедувајќи еднаков пристап до услуги, поддршка и ресурси за жени и мажи, со фокус на ранливите и маргинализирани групи. |

## 8.11 Програма за ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

| | ***Вкупно*** | ***Мажи*** | ***Жени*** | ***Вкупно*** | ***Мажи*** | ***Жени*** |
| 15-19 | 14 | 10 | 4 | 13 | 11 | 10 |
| 20-24 | 161 | 110 | 51 | 50 | 32 | 18 |
| 25-29 | 265 | 163 | 102 | 49 | 28 | 21 |
| 30-34 | 300 | 181 | 119 | 46 | 23 | 23 |
| 35-39 | 262 | 142 | 120 | 38 | 20 | 18 |
| 40-44 | 307 | 183 | 124 | 47 | 24 | 23 |
| 45-49 | 299 | 172 | 127 | 38 | 14 | 24 |
| 50-54 | 278 | 160 | 118 | 50 | 29 | 21 |
| 55-59 | 291 | 169 | 122 | 86 | 44 | 42 |
| 60-64 | 133 | 88 | 45 | 45 | 34 | 11 |
| 65+ | 25 | 14 | 11 | 1 | 1 | / |

*Табела бр. 10 – Активно население – вработени иневработени, Извор: АВРСМ и Државен завод за статистика*

Бројот на невработени лица, според образовната структура најголем е кај лицата кои што се со завршено основно и средно образование, а карактеристично е тоа што кај лицата со основно и средно образование поголем е бројот на невработени мажи, отколку на жени. Кај високото образование, пак имаме обратен тренд односно далеку е поголем бројот на невработени жени од невработени мажи со завршено високо образование. Вработеноста е пониска во однос на националниот просек за околу 3% додека е приближно иста со општините со слична големина, платите се доста пониски во однос со националниот просек и во однос на општините со слична големина.

| Невработени лица на возраст од 15 години и повеќе лица според највисокиот степен на школска подготовка, пол и возраст, по општини, Попис 2021 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Највисок степен на школска по | | | Без образование | | | Незавршено основно образова | | | Основно образование | | | Средно образование | | | Високо образование | | | Магистратура | | |
| | | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени | Пол - ВКУП | Мажи | Жени |
| Крушево | Возрасна | 463 | 260 | 203 | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | 95 | 58 | 37 | 292 | 173 | 119 | 66 | 26 | 40 | 8 | 1 | 7 |
| | 15-19 | 13 | 11 | 2 | - | - | - | - | - | - | 6 | 6 | - | 7 | 5 | 2 | - | - | - | - | - | - |
| | 20-24 | 50 | 32 | 18 | - | - | - | - | - | - | 4 | 4 | - | 32 | 23 | 9 | 14 | 5 | 9 | - | - | - |
| | 25-29 | 49 | 28 | 21 | - | - | - | - | - | - | 2 | 1 | 1 | 27 | 18 | 9 | 17 | 8 | 9 | 3 | 1 | 2 |
| | 30-34 | 46 | 23 | 23 | - | - | - | - | - | - | 3 | - | 3 | 28 | 19 | 9 | 12 | 4 | 8 | 3 | - | 3 |
| | 35-39 | 38 | 20 | 18 | - | - | - | - | - | - | 9 | 6 | 3 | 20 | 9 | 11 | 7 | 5 | 2 | 2 | - | 2 |
| | 40-44 | 47 | 24 | 23 | - | - | - | - | - | - | 11 | 7 | 4 | 32 | 16 | 16 | 4 | 1 | 3 | - | - | - |
| | 45-49 | 38 | 14 | 24 | - | - | - | - | - | - | 12 | 5 | 7 | 23 | 9 | 14 | 3 | - | 3 | - | - | - |
| | 50-54 | 50 | 29 | 21 | - | - | - | 1 | 1 | - | 13 | 6 | 7 | 36 | 22 | 14 | - | - | - | - | - | - |
| | 55-59 | 86 | 44 | 42 | 1 | 1 | - | - | - | - | 22 | 13 | 9 | 57 | 29 | 28 | 6 | 1 | 5 | - | - | - |
| | 60-64 | 45 | 34 | 11 | - | - | - | - | - | - | 13 | 10 | 3 | 29 | 22 | 7 | 3 | 2 | 1 | - | - | - |
| | 65+ | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 1 | - | - | - | - | - | - | - |

*Табела бр. 11 – Невработени лица, според образовната структура, Извор: ДЗС*

## АНАЛИЗА НА СОЦИЈАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

### Образование

Во Општина Крушево има две основни училишта и едно средно училишта во кои годишно се образуваат 850 ученици. Потреба од проширување на образовните капацитети постои во насока на високото образование.

За предучилишно образование постои и работи една организациона единица на предучилишната установа „Гонча Туфа“.

Во општината постои и еден Дневен центар за деца и младинци со посебни потреби во кој што се згрижени 15 деца, а вкупно во Крушево во семејства се згрижени 37 деца и младинци.

Училиштата главно не се современо опремени, но реконструкциите на училиштата во Крушево, с. Борино и најавата за реновирање на уште неколку училишта во населените места ќе ги подобри условите за образование и воспитување и ќе ги модернизира институциите.

Во јавната општинска установа за деца – Детска градинка “Гонча Туфа“- Крушево е установа која организира дејност од јавен интерес согласно Законот за заштита на децата. Основна задача на Установата е да обезбеди оптимални услови за згрижување, воспитување и образование на деца од 0 до 6 годишна возраст, односно до поаѓање на училиште. Целта на детската градинка е во сообразност со психолошко-педагошките сознанија и општествените можности на најмладата генерација да и обезбеди здраво, среќно детство, како и оптимален физички, интелектуален, емоционален и морален развој и подготовка за најраното натамошно воспитание и образование.

Развојот и напредокот на предучилишното дете е сложен и комплексен процес, а се остварува со континуирано влијание на средината врз неговите диспозиции, со адаптирање на детето кон барањата на средината, како и со негово активно и творечко однесување и ангажирање. Според тоа во Установата се згрижени деца од јаслена возраст и деца со целодневен и полудневен престој-градинка. Обезбедувајќи ги сите услови за опфат на децата, а во склад со педагошките и научните достигнувања, со организиран систем на методи и содржини се влијае:

- врз физичкиот и сензомоторниот развој на децата;
- социјално емотивниот развој;
- интелектуалниот развој;
- комуникација и творештво

Во градинката вкупно има 40 деца, со капацитет од 120 деца, со што ова е една од ретките општини каде што има капацитети за згрижување на деца и повеќе од потребното, а што пак е поврзано со депопулацијата и стареењето на резидентното население во општината. Вкупниот број на вработени изнесува 20.

| Назив на училиште | Тип (јавно/приватно) | Адреса | Капацитет | Број на ученици од машки род | Број на ученици од женски род | Вкупен број ученици | Јазици на кои се изведува наставата | Вкупен број вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавна општинска установа за деца - детска градинка „Гонча Туфа“ | Јавна детска градинка | 8-ми септември | 120 | / | / | 70 | Македонски јазик | 20 |

Табела бр. 12 – Капацитети на детска градина Гонча Туфа - Крушево

Основното општинско училиште „Никола Карев“- Крушево е основано со решение на Собрание на општина Крушево од 01.09.1966 год. Училиштето е верифицирано за вршење на воспитно-образовна дејност со решение бр.10-1248/3 од 27.06.1994 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје. Наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик во две смени.

Во состав на училиштето работат шест подрачни училишта во населените места: с.Врбоец, с.Алданци, с.Норово, с.Борино, с.Саждево и с.Белушино, од кои во подрачните училишта во с.Норово и с.Саждево, се реализира настава од прво до деветто одделение. Затоплувањето на објектот во основното училиште е со парно греење на дрва и нафта, а во подрачните училишта со печки на дрва.

Вкупен број на ученици во основното училиште има 284 со 47 вработени, а во подрачните училишта бројот на ученици изнесува 351 со вкупно 50 вработени.

| Назив на училиште | Тип (јавно/приватно) | Адреса | Капацитет | Број на ученици од машки род | Број на ученици од женски род | Вкупен број ученици | Јазици на кои се изведува наставата | Број на наставен кадар | Број на помошен кадар | Вкупен број вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Никола Карев | Општинско основно училиште | | 450 | / | / | 284 | Македонски јазик | 34 | 8 | 47 |
| Подрачни училишта ООУ „Никола Карев“ Крушево | Општинско основно училиште | / | 400 | / | / | 351 | Македонски јазик, албански јазик | 43 | 6 | 50 |

Табела бр. 13 – Број на ученици и наставен кадар во основното училиште Никола Карев - Крушево

Во рамките на средното општинско училиште во Крушево „Наум Наумовски-Борче“ има гимназиско образование и угостителско-туристичка насока. Бројот на учениците изнесува 113 со вкупен број на вработени – 36. Во континуитет опаѓа бројот на ученици во средното образование во Крушево. Училиштето опстојува над 60 години, има солидни услови за изведување на наставниот процес, квалитетен професорски кадар и ученици кои постигнуваат успеси на многу натпревари.

| Назив на училиште | Тип (јавно/приватно) | Адреса | Капацитет | Број на ученици од машки род | Број на ученици од женски род | Вкупен број ученици | Јазици на кои се изведува наставата | Број на наставен кадар | Број на помошен кадар | Вкупен број вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наум Наумовски Борче | Средно општинско училиште | Ул.Тодор Проески бр 91 | | / | / | 113 | Македонски јазик | 28 | 2 | 36 |

Табела бр. 14 – Број на ученици и наставен кадар во СОУ Наум Наумовски-Борче

Поради континуираното опаѓање на бројот на учениците, општината по иницијатива на градоначалникот Томе Христоски, воведува финансиска поддршка за учениците од прва година. Финансиската поддршка изнесува 3.000 денари месечно и се исплаќа во текот на учебната година, односно во континуитет 9 месеци.

**Култура и спорт**

Во средбата со **крушевската куќа** никој не може да остане рамнодушен. Крушевската куќа сведочи за високиот станбен стандард на крушевчани, нивните високи практични и естетски вредности, долгата традиција на културата на живеење, навиките, обичаите. Во неа се споиле архитектонската меморија на москополските Власи и градителското искуство на македонските Мијаци со што створиле автентично дело – обележје на нашето традиционално градителство. Крушевската куќа е изградена во духот на традицијата, при што се водело сметка за климатските услови, конфигурација на земјиштето, како и за функционалноста и естетскиот изглед. Внатрешноста на куќата е ексклузивна комбинација на убавото и практичното, посебно место зазема вградената покуќнина која била исклучиво функционална и практична, изведена во дрво, што дава одредена топлина на внатрешниот простор. Таа, обично е групирана на една страна од просторијата, така што собите имаат поголема слободна површина за непречено и рационално користење, со потребната удобност и интимност. Ентериерот на старите крушевски куќи го надополнуваат насликаните ѕидови и тавани во гостинските одаи и чардаците. Применети се елементи од флората и фауната, портрети од домаќините и т.н. Освен сликарската декорација, таваните можат да бидат изрезбани од дрво со богато изрезбана централна розета, или се појавува комбинација дрво и малтер. Фасадите се најатрактивниот дел на крушевските куќи. Најзначајни и најатрактивни естетски елементи на фасадите се балконите, еркерите и тимпаноните. Балконите се наоѓаат на главните фасади на првиот и вториот кат, тие се оградени со декоративни огради од ковано железо. Тимпаноните се триаголни елементи со кои завршува архитектонското и ликовно обликување на фасадите. Тимпаноните се насликани со флорална декорација, комбинација од зооморфни и флорални елементи, како и со митолошки сцени.

Во општина Крушево има еден **Дом на културата "Наум Наумовски-Борче"**, кој што обезбедува квалитетна програма прилагодена на можностите, потребите и интересите на граѓаните визија каде се негува лична одговорност, самодисциплина, толеранција, меѓусебно почитување и мотивација на сите учесници во културниот живот. Преку Домот на културата општината го поттикнува развојот на личноста на локалното население, нивната индивидуалност, креативност, натпреварувачки и спортски дух, хуманост, еколошка свест, критичко мислење и градење позитивни системи на вредности со цел успешно да се снаоѓаат во опкружувањето. Се градат соработнички и партнерски односи со локалната заедница како и современа, иновативна и отворена визија за култура за промени и развој кој ќе може да одговори на предизвиците на 21-от век.

Достигнувањата на Домот на култура „Наум Наумовски-Борче'-Крушево до денес се огледуваат во одржување на културни настани и манифестации кои претежно се во летниот период а затајуваат во зимскиот период поради немањето на централно греење кое недостасува во објектот. Реализирани се неколку различни проекти и манифестации **ЕТНО САЕМ , КУД "Наум Наумовски-Борче", Собата на Васил Иљоски и драмата на влашки јазик Јованче и Марика.** Покрај културните настани кои се организираат во текот на целата година се организираат исто така и поетски читања, музички концерти, саем на книга, етнолошки изложби, ликовни изложби, работилници за техники на изработка на уметнички слики и изработка на народни музички инструменти како и голем број на театарски претстави наменети за целата публика во текот на целата

година. **Најголемата манифестација која што се организира е “10 дена Крушевска Република“.**

**Спомен обележја**

**Спомен куќата на Тодор Проески**

Спомен куќата на Тодор Проески претставува еден грандиозен и уникатен проект со специфична намена и причина за изградба. Претставува еден споменик на човек кој беше, е, и ќе остане морален светилник и водач на сите луѓе. Претставува градба која целосно ќе ве внесе во животот на оваа икона на македонската музичка сцена. Изложените експонати ќе ви прикажат како Тоше растеше, заплива во музичките води, за на крајот целосно да ги освои истите.

Спомен куќата на Тоше Проески е отворена на 25-ти април 2011 година. Објектот е со 870 метри квадратни површина и е во форма на крст. Спомен куќата, во која целиот живот на Тоше е прикажан на едно место, е опремена со најсовремена опрема. Во неа има две восочни фигури од Тоше, едната во стоечка положба со микрофон во рака, додека втората во музичко студио како свири на клавир. Во централниот дел од објектот се наоѓа молитвеник со сите верски предмети кои ги поседуваше Тоше, како и неколку негови запишани размислувања или животни филозофии, поврзани со вербата, љубовта, семејството и пријателството. Спомен куќата претставува материјализација на целиот животен пат на Тоше Проески и низ своите содржини обезбедува хронолошки приказ на неговото детство, на тинејџерските години, на периодот кога Тоше го достигна врвот во својата уметничка кариера.

**Мечкин камен**

Мечкин Камен е споменик во близина на градот Крушево. Претставува востаник со високо подигната карпа над главата и го претставува последниот очајнички миг во борбата на востаниците од одредот на легендарниот војвода Питу Гули, кои ги дале своите животи при одбраната на Крушевската Република.

Мечкин Камен е еден од најпознатите локалитети во близината на Крушево. Овој локалитет е познат по историската битка што се одиграла на 2 Август 1903 година, одбрана на Крушев ската Република. Во оваа легендарна битка херојски загинал војводата Питу Гули, скоро со целата своја востаничка чета храбро борејќи се против посилниот противник – аскерот на Бахтијар Паша и башибозукот. На овој локалитет е изграден споменик Во чест на Питу Гули и неговата востаничка чета кои храбро се бореа за Крушевската Република .

**Споменик “Слива“**

Споменикот “Слива” е симбол на јунаштвото и саможртвата на македонските востаници при одбраната на Крушевската Република на 12 август 1903 година. Тој е длабоко врежан во душата и свеста на македонскиот човек.

**Манастирски комплекс Св. Преображение**

Манастирскиот комплекс Св. Преображение, подигнат бил на месноста Ручало на околу 1642 м надморска висина, во прекрасен и живописен природен амбиент. Од Крушево, на север, комплексот е оддалечен околу 8 км. Се наоѓа во близина на локалитетот "Слива". Манастирот вандалски е разрушен во почетокот на 19 век, а возобновен е во 1986 година. Овој манастир е преодна точка за планинските велосипедисти и планинарите на патот кон Мусица, на 1 780 м.н.в.. Секој 18-ти август крушевчани се збираат тука.

**Гумење**

Гумење во минатото беше вистински дел каде што жителите на Крушево работеле. Денес е познат како место за рекреација и игри, особено сакан од помладите но и возрасните исто така. Во негова близина се наоѓа Старото "корзо" – кое во минатото било главно место за дружење и шетање, **споменикот на Никола Карев, споменикот Илинден, НОБ музеј и спомен куќата на Тоше Проески и неговиот гроб.**

**Споменик Илинден – Македониум**

Споменикот „Илинден" уште познат и како Македониум е комплекс што се наоѓа во Крушево. Споменикот бил откриен на 2 август 1974 година на денот на триесетгодишнината на заседанието на АСНОМ и 71 годишнина од Илинденското Востание.Споменикот ја означува непокорноста, борбата и вечната стремеж на македонскиот народ за слобода и самостојна држава.Споменикот Илинден се протега на 12 хектари и формата започнува со раскинати пранги продолжува преку криптата и колоритно – мозаичната керамопластична сцената, па завршува со купола извишена 1320 метри надморска височина, од каде се протега извонреден поглед кон градот Крушево. Денес во самата купола се наоѓа гробот на Никола Карев и споменица и биста на Тоше Проески.

**Музеј на НОБ Крушево**

Музејот на НОБ Крушево беше отворен во 1988 година.Во него може да се најдат експонати кои потсетуваат на народноослободителната војна од 1941-1945. Почнувајќи од револуционерните традиции од Илинденското востание и Крушевската Република, Музејот го следи револуционерниот пат на партизанските одвоени сили на "Питу Гули" преку фотографии за време на војната, како и бројни егзибитни експонати (оригинални оружја и предмети користени од страна на војници ). Една од поинтересните експоненти е големата фреска, уметничко дело од страна на познатиот сликар Борко Лазески, кое го изразува текот на војната.

**Музеј Леарница**

Музејот Леарница постои откако е повторно отворен од 2003 година. Тој се наоѓа во истата куќа во која пред и за време на Илинденското востание била сместена тајната работилница за изработка на куршуми за потребите на востаниците. Во овој музеј изложена е и мошне обемна збирка оружје што било употребувано од востаниците.

Покрај другото, тука е и личното оружје на Никола Карев – Претседател на Крушевската Република од 1903 година.

**Музеј на Илинденското востание**

Музејот на Илинденското востание и Крушевската Република е основан на 2 август 1953 на 50 годишнината на Илинденското востание и Крушевската република во куќата од која е извршено прогласувањето на Крушевската Република во 1903 година.Оваа куќа предходно им припаѓала на семејството Томалевски.Во Музејот се изложени голем број експонати од времето на Илинденското востание,оружјето со кое се служеле востаниците, документи и разни предмети од овој период. Тука е и оригиналниот бројчаник од саатот на камбанаријата на Црквата "Свети Никола", која за време на Востанието била опожарена и разрушена од страна на османлиските војски и башибозукот. Во Музејот се наоѓа и една реплика од легендарното црешново топче, саркофагот во кој се донесени моштите на Никола Карев.

**Галерија Никола Мартиноски**

Извонредно творештво на доајенот на современата македонска ликовна уметност, академикот Никола Мартиноски (1903 – 1973), добитник на многубројни признанија. Експонатите, масла и цртежи, што уметникот му ги подари на својот роден град, се сместени во крушевска куќа – уникатен примерок на старoградската архитектура од минатиот век. Во одделни простории се постојаните изложби: "Крушевската одаја од 19 век" и етнолошката поставка "Носиите во Крушево и Крушевско во 19 век".

**Спорт**

Крушево е посетено од домашни и странски туристи во текот на целата година. Прекрасната околина, климата и извонредните природни ресурси со кои располага, го прават познат зимски туристички центар. Привлекува со прекрасните скијачки терени и патеки за зимско трчање; има погодни терени за секаков вид планинарење; во непосредна близина е езерото кое дава можности за развој на летен туризам, поседува прекрасни спортски терени за спортување и рекреација. Во непосредната околина на градот се наоѓаат излетничките места, кои се соодветно опремени; идеални се условите за одржување на екстремни спортови (за летање со параглајдери и лесни едрилици), а секоја година се одржуваат авто-трки на државно ниво. Во Крушево се одвиваат и многу културни манифестации. Ова е причина и Вие да го посетите овој прекрасен град .

**Параглајдерство**

Параглајдерството е еден од се попопуларните, атрактивни, екстремни спортови во светот, во кого уживаат храбрите заљубеници на височините. Метеролошките услови, термичките струења на воздухот во текот на целата година а особено во јули и август се идеални за развивање на овај спорт во околината на Крушево. Просторот е многу питом, пошумен, широк и безбеден. Од особена важност е фактот што целиот планинскиот масив е свртен кон рамнината Пелагонија што е најважен фактор за безбедноста на

летањето. Љубителите на параглајдерство и едриличарство го посетуваат Крушево во текот на целата година. Мошне голема е посетеноста за време на државните натпревари, како и на интернационалниот шампионат ”Илинденски куп” (првиот е одржан на 2 август 1992г.) на кого учествуваат натпреварувачи од Македонија, Србија и Црна Гора, Грција, Бугарија, Турција, Словенија, Чешка, и т.н.

**Спортски Лов и Риболов**

Крушево нуди можности за спортско рекреативни активности, како лов и риболов. Околу Крушево се протега појас од борова и букова шума. Коријата го штити градот од временски непогоди, а понатаму продолжува во букова и дабова шума на падините од Бушова Планина.Шумите се богати со дивеч: срна, дива свиња, мечка, волк, зајаци, рис, од птиците: сокол, орел, еребица. Уживателите на планинарењето можат да престојуваат во дивината во текот на целата година, а да се занимаваат со спортски лов во периодот од месец октомври до февруари во годината. Спортскиот лов има долга традиција за мештаните, но и како спортско рекреативен туризам за градот.Од 1990 г. веќе 15 години континуирано доаѓаат пасионирани ловци од Италија од градот Мантова.Тои се присутни во Крушево во месеците октомври или јануари и тоа секоја година во периодот кога се лови крупен дивеч и во месец август кога се лови (прелетен) перјаст дивеч. Љубителите на спортскиот риболов можат да ловат во Крушевското Езеро кое има богат рибен фонд (крап, караш, клен, охридска и калифорниска пастрмка, црвеноперка, плашица, толстолобик и т.н.) . Риболовот е дозволен во текот на целата година со исклучок на месец јуни периодот на мрестење кај рибите. Околината на езерото изобилува со зеленило, дрвја и прекрасна природа каде може да уживте во долги прошетки набљудувајќи ја прекрасната природа. Качувајќи се по течението на рекичката која се влива во езерото, на 500 м. оддалеченост од езерото се протега букова шума со својата раскошна убавина каде е сместено детското одморалиште “Шула Мина”. Тука училишните деца од Македонија го поминуваат летниот распуст далеку од бучавата на возилата во нивните градови, дишејќи свеж и чист воздух.

**Планинарење**

Рекреативното и спортско планинарење опфаќа најразлични активности од најобични излети во планина, потоа повеќедневни планински маршеви, па качување на планински врвови, движење со скии низ планина. Сето тоа има за цел спортување и рекреација со што човекот може да ги пронајде убавините и радостите што планината ги нуди, како и духовното богатство што планината неповторливо му го дава на секој нејзин искрен посетител. Дружењето со планината е универзална можност да го проучуваме светот и самите себе си како дел од него. Крушево се карактеризира со извонредни природни услови за развој на планинарски туризам, пешачење во лето и зима, ориенатционен спорт, планински велосипедизам, обука на планинари за скијање и движење со турно скии и. т.н. Во зимски услови конфигурацијата на теренот, надморската висина, климата и наизменично голите и пошумените зони се елементи кои овозможуваат трасирање на пешачки стази по снежните патеки. За пасионирани планинари кои се спремни за подолго пешачење постои трасирана патека означена со планинарски маркици во должина од 30 км. од Крушево кон врвот Мусица, надморска

висина 1788 м., каде се наоѓа „ Ловечка куќа “ , комплетно опремена со 15 лежаи за сместување, одмор и ноќевање на планинарите.

**Планински велосипедизам**

Нова атракција во планинарството.

Во овој регион постојат извонредни услови за велосипедски патеки по планински терен што исто така претставува атрактивен спорт.

**Зимски Спортови**

Крушево е познат зимски туристички центар во Македонија. Негова предност е тоа што зимската сезона трае од месец Ноември до крајот на Март. Зимите се благи, сончеви и со доста снег. Скијачките терени на Бушова планина од двете страни се 1200м и 1400м. Љубителите на зимските спортови ги користат скијачките терени недалеку од градот. Скијачките терени се наоѓаат на месноста Станич, која е опремена со ски-лифтови: Двосед скилифт со капацитет 720 лица/час; двосед скилифт 700 лица/час; едносед капацитет 600 лица/час. Скијачките клубови од Крушево организираат школи за скијање за почетници, со изнајмување на комплетна скијачка опрема. Постојат и терени за скијачи професионалци, а тоа е патеката што се наоѓа под жичарницата и скијачките патеки за нордиско трчање.

На територијата на општината има 2 спортски сали и повеќе фудбалски и повеќенаменски игралишта, но од консултативните средби со граѓаните беше напоменато дека има се помал интерес за спортот и активно учество во спортски клубови, па беше побарано да се вратат школски спортски клубови во рамките на училиштата.

| Тип | Назив | Место |
|---|---|---|
| Спортска сала | Војвода Ѓорѓи Стојанов | Крушево |
| Фудбалски стадион | Езеро | Крушево |
| Тениски игралишта | | Крушево |
| Повеќенаменско игралиште | | Крушево |
| Спортска сала | | с. Бучин |
| Фудбалско игралиште | Плоч | Крушево |
| Фитнес зона | | Крушево |
| Фудбалско игралиште | | с. Алданци |

*Табела бр. 15 – Регистар на спортски објекти*

**Здравствена и социјална заштита/заштита на децата и највозрасните**

Во општина Крушево има една Јавна здравствена установа Здравствен Дом Крушево.

Основни задачи:

1. Зачувување и унапредување на здравјето на населението од Општина Крушево и дел од Општина Долнени од мешан етнички состав (Македонци, Албанци и Власи) за извршување на својата дејност функционира со следните служби: имп со домашно лекување, превентивна здравствена заштита на предшколски и школски деца, поливалентна патронажа, стоматолошка здравствена заштита на деца до 14г., примарна здравствена заштита во рурални средини, обезбедување на лекови, интерна медицина со дијабетологија, биохемиско-лабараториска дејност, рентген дијагностика и физикална терапија.

2. Економско и рентабилно работење, посветување на превентивата,доекипирање на ИМП со вработувања ( 3 доктори заради испраќање на специјализација) , доопремување на службите со нова опрема(ехо апарат, екг апарати, мамомат дигитален, панорам и биохемиски анализатор) одржување и обновување на возниот парк заради застарен со непостоење на три возила (лесно возило со лежај, патронажно возило и теренско возило), санација на прозорци со пвц столарија, дрвен инвентар, реновирање на парното греење кое функционира преку 40 години), легализација на објектот во Крушево и амбулантите во с.Житоше, с.Бучин, с.Пуста Река, с. Д. Дивјаци и с.Норово), вработувања покрај 3 доктори неминовно е вработување на административно технички персонал со (еден дипломиран економист, еден дипломиран правник, рурален шофер, магационер, котлар и хигиеничар

Ризици за развојот на здравствениот дом се ридско планинско подрачје со неразвиена инфраструктура, непристапни населени места особено во зимскиот период, општина на пензионери и стари лица и општина каде младите постојано се иселуваат.

**Општина Крушево нема Дом за згрижување на стари лица.**

**Центар за социјална работа општина Крушево**

Центрите за социјална работа, во однос на делокругот на работа влегуваат во рамките на секторот за социјална заштита при Министерството за труд и социјална работа. Согласно законската регулатива, центарот за социјална работи функционира како стручна установа со јавни овластувања заради вршење работи од социјалната заштита.

Како јавни овластувања, центарот за социјална работа ги врши следните работи:

- решава за правата од социјална заштита,
- решава за работите утврдени со семејно-правните прописи,
- постапува по работите утврдени со кривично-правните прописи,
- врши други работи утврдено со закон.

При спроведување на социјалната заштита и стручната работа, центарот:

- открива, следи и проучува социјални појави и проблеми,
- применува и спроведува соодветни облици на социјална заштита и непосредно помага на граѓанин, семејство или група на население,
- ја развива превентивната работа,
- развива и спроведува вонинституционални опблици на социјална заштита,

- поттикнува, организира и координира волонтерски на граѓани, нивни здруженија, хуманитарни организации, организации во спроведување на програми за социјална заштита,
- врши и други работи утврдени со закон.

Согласно добиените податоци од страна на Центарот за социјална работа во општина Крушево добиени преку доставување на допис од страна на општината, бројот на корисници на Гарантирана минимална помош на територија на општина Крушево изнесува 390. Корисници на социјални услуги:

- Помош и нега во домот која се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Крушево – 93;
- Лична асистенција користат 6 слепи лица;
- Додека, пак услугата Дневен престој за деца и младинци во Дневен центар Крушево ја користат 8 деца и младинци со попреченост.

**Граѓанското општество (број на регистрирани НВО)**

На територијата на општина Крушево се регистрирани над 80 здруженија вклучувајќи ги тука и спортските клубови и здруженија. Општината секоја година од општинскиот буџет издвојува средства за поддршка на локалните здруженија, има основано Локален младински совет, а она што се побара на консултациите со граѓаните беше зголемување на финансиската поддршка за локалните здруженија, посебен фонд за младинските организации и здруженија и основање на Младински центар.

| ЕМБС; НАЗИВ; ОПШТИНА; МЕСТО; УЛИЦА; БРОЈ; E-MAIL; ШИФРА; ОПИС НА ДЕЈНОСТ |
|---|
| 4010302;Здружение на ПЕНЗИОНЕРИТЕ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;ZP-Krusevo@hotmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 4010353;Скијачки клуб МЕЧКИН КАМЕН-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;БЛАГО ЦЕЛЕВ;4;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4078560;Друштво за гимнастика, спорт и рекреација ПАРТИЗАН-КРУШЕВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;ББ; ;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4091205;Општински фудбалски сојуз-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4100760;Здружение за техничка култура на Општина Крушево-НАРОДНА ТЕХНИКА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;ББ;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 4115953;Одбојкарски клуб НИКО ДОАГА- Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАНЧУ МАТАК;3;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4118430;Спортски риболовен клуб МРЕНА-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАРШАЛ ТИТО;30;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4251539;Еколошко друштво КОРИЈА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;7;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 4270142;Сојуз на спортови на општина Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;ББ;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4805925;Клуб за нордиско скијање и бијатлон МУСИЦА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;avramoski_k@yahoo.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 4816315;ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;slavica.korunoska@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |

| |
|---|
| 4921020;Карате клуб ИЛИНДЕН 903 Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТАЌА БЕРБЕР;24;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5136440;Здружение на РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА ЗАБОЛЕНИ ОД ЦЕРЕБРАЛНА ПАРАЛИЗА КРУШЕВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ШУЛА МИНА;9;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5305365;Општинско здружение на ЗАНАЕТЧИИ И САМОСТОЈНИ СТОПАНСТВЕНИЦИ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;24;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5324424;Здружение на граѓани ПРИЈАТЕЛИ НА СВЕТОТ-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;БЛАГО ЦЕЛЕВ;32 Б;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5328110;Спортско академско друштво БЕЛА ВОДА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;7;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5346037;ВИЗИЈА ЗА ИДНИНАТА-Центар за подобар живот-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТАЌА БЕРБЕР;63;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5392373;Друштво за планинарски спортови КРУШЕВО-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;КОЧА МИЛЕНКУ;42-А;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5408415;Здружение на граѓани џудо клуб ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;ББ;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5430127;ЦЕНТАР ЗА СОЖИВОТ 4Ф Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;95;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5447305;ЕВРОПСКИ ЦЕНТАР ЗА ИНТЕГРАЦИЈА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;80;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5465532;Спортско академско друштво ИЛИНДЕН 1903 Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;10А;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5486378;Здружение Центар за хумани односи Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ПИТУ ГУЛИ;64;andigonaa@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5608848;Здружение на жени ЦВЕТ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;cvet_krusevo@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5612403;Здружение на власите НИКОЛА БАЦАРИЈА-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;nikolabatsarija@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5617294;Спортско Академско друштво САД-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;КИРО ФЕТАК;54;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5623669;Друштво за едукација АКАДЕМИК Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;akademikrusevo@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5639662;Здружение МЛАДИНСКИ СОЈУЗ-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МИШЕ ЕФТИМ;1 А;krusevoyouth@on.net.mk;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5708320;Пинг-понгарски клуб КРУШЕВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МИШЕ ЕФТИМ;ББ;Sotirgabeloski@yahoo.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5719747;ФЕДЕРАЦИЈА ЗА БИЈАТЛОН на Република Македонија Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАРШАЛ ТИТО;ББ;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5740622;Здружение за екологија и развој на регионот во рамките на туризмот земјоделието и сточарството по европски стандарди и норми КРУШЕВО ОТВОРЕНО ХУМАНО ОПШТЕСТВО-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;78;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5783968;МЛАДИНСКИ ДЕМОКРАТСКИ ФОРУМ- Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;123;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5794544;Клуб за биатлон и нордиски дисциплини ФИШЕР Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;88;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5807786;Фудбалски клуб ПИТУ ГУЛИ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОДОР ПРОЕСКИ;87;taki_cvetkoski@yahoo.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 5855551;Општински противпожарен сојуз КРУШЕВО 99 Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;39;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |

| |
|---|
| 5858968;Здружение на жени АВАЗ с.Борино;КРУШЕВО;БОРИНО;;;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5952409;Здружение  за заштита и негување на културните вредности МАКЕДОНИУМ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;КОЧА МИЛЕНКУ;58;makedonium_krusevo@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5967848;Здружение за заштита на животните и животната средина КОШУТА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;96;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5970377;Здружение на граѓани за негување на стари занаети туризам и културни вредности ЕСНАФ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАНЧУ МАТАК;42;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5973597;Здружение на граѓани БАЛКАНИКА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;КОЧА МИЛЕНКУ;56;zgbalkanika@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5975166;Здружение на граѓани ИДНИНА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;7;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5975174;Здружение на граѓани РАЗВОЈ-Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ПИТУ ГУЛИ;63;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5975794;Здружение на граѓани НОВ ПРАВЕЦ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 5997186;Здружение  ЕВРОПРАВЕЦ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;ББ;evropraveckr@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6019218;Одбојкарски клуб НИКО ДОАГА 2005 Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАРШАЛ ТИТО;16;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 6137300;Здружение на граѓани КОТЕЛЕЦ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАРШАЛ ТИТО;13;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6138004;Одбојкарски клуб Крушево 2006 ГОЛД ТЕКС Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАРШАЛ ТИТО;бб;;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 6190898;ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;бб;m.cavkar@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6265901;Здружение Одбојкарски клуб  СИНАЛКО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;oksinalco@gmail.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 6313671;МЕЃУНАРОДНА ФОНДАЦИЈА ТОШЕ ПРОЕСКИ Крушево-во стечај;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;32;andrej.nikoloski@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6317758;Здружение на граѓани ЕВРОПА СЕГА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;ББ;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6337023;Шотокан Карате клуб ЦРНА РЕКА с.Бучин |
| 6403972;Здружение на жени ШПРЕСА - 2008 Крушево;КРУШЕВО;БОРИНО;НАСЕЛЕНО МЕСТО БЕЗ УЛИЧЕН СИСТЕМ;;lirije.emini@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6424759;Здружение на граѓани за туризам ЕКОСФЕРА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКОЛА ЃУРКОВИЌ;8 А;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6458459;Фудбалски клуб ВЛАЗНИМИ-ПРЕСИЛ с.Пресил |
| 6458483;Фудбалски клуб ЦРНА РЕКА-БУЧИН с.Бучин |
| 6458521;Фудбалски клуб БОРИНО с.Борино |
| 6475221;Здружение Радио аматерски клуб КОЧА МИЛЕНКУ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;ББ;z37aaz@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6496997;Здружение на граѓани ЕКО ЕТНО СИТИ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ПИТУ ГУЛИ;53 А;ekoetnocity@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6503683;Фудбалски клуб ЦРН ВРВ с.Свето Митрани |
| 6504000;Фудбалски клуб РИНИЈА-НОРОВО с.Норово |
| 6525377;Здружение за пријателство и соработка АГИУ НИКОЛА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАНЧУ МАТАК;7;agiu.nikola@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |

| |
|---|
| 6526055;Здружение ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И ЕДУКАЦИЈА с.Свето Митрани |
| 6536743;ХЈУМАН СЕНС-Здружение за унапредување на човековите вредности Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;ББ;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6564704;Здружение СВЕТЛА ЅВЕЗДА Крушево-во ликвидација;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКО ДОАГА;15;cunkoskaagapi@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6672108;Здружение Културно уметничко друштво КОМИТСКА ЛЕГЕНДА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАНЧУ МАТАК;22;;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6836011;ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;75;pero.petkoski@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 6851878;Здружение ИЛУСТРА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ПИТУ ГУЛИ;2;info@ilustra.mk;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7044518;Здружение за економско јакнење на жените КРУШЕВСКА ЖЕНА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКОЛА КАРЕВ;19;blagica.petreski@financethink.mk;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7078323;Здружение Клуб за алпско скијање СТАНИЧ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТАЌА БЕРБЕР;39;skiklubstanic@yahoo.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 7090013;Здружение на тутунопроизводители ТУТУНСКО ЗЛАТО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;101;tutunsko.zlato@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7092733;Училишен спортски клуб ГУМЕЊА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОДОР ПРОЕСКИ;91;usk.gumenja@gmail.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 7178565;Здружение Извиднички Одред Стара Корија Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКОЛА ЃУРКОВИЌ;15/А;stara.korija@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7190786;Здружение за нордиско скијање и биатлон СКИИ-СПАТРАК Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКОЛА КАРЕВ;17;ski_spartak@hotmail.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 7194331;Здружение ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН РАЗВОЕН ЦЕНТАР Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;НИКОЛА КАРЕВ;21;nikola_pejcin@yahoo.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7285663;Фудбалски клуб ВЛАЗНИМИ ЈУНИОР с.Пресил |
| 7326211;Еколошко друштво АУТДОР МАНИФЕСТ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;БЛАГО ЦЕЛЕВ;2;contact@wheninkrusevo.mk;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7356706;Здружение на граѓани ФЕНИКС-КРУШЕВО Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ИЛИНДЕНСКА;9 Б;phoenix.krusevo@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7366264;Здружение за Рекреативен КОЊИЧКИ КЛУБ МУСИЦА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;КИРО ФЕТАК;61;Dime.veleski04@gmail.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 7373210;Фудбалски клуб ФК БУЧИН с.Бучин |
| 7381638;Здружение за активно истражување во областа на културата и уметноста ЕТНА-АРТ ФУЗИЈА Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;МАНЧУ МАТАК;15;actriss.za@gmail.com;94.99;Дејности на други организации врз база на зачленување |
| 7478003;Здружение Спортски Риболовен Клуб МРЕНА-1987 Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОМЕ НИКЛЕ;41;zsrkmrena1987krusevo@gmail.com;93.19;Останати спортски дејности |
| 7480806;Клуб за биатлон и нордиско скијање ГУМЕЊЕ Крушево;КРУШЕВО;КРУШЕВО;ТОДОР ПРОЕСКИ;49;kbnsgumenje@gmail.com;93.12;Дејности на спортските клубови |
| 7486090;Здружение на тутунопроизводители ЗЕЛЕН ЛИСТ ОРИЕНТАЛ с.Норово |

Извор: Општина Крушево

## ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

Локалниот економски развој е од исклучително значење за развојот на општината. Во текот на последните две декади сведоци сме на спроведување процес на децентрализација на надлежностите од централната на локалните власти. Главна

економска цел на реформата е поголем обем и квалитет на јавните услуги на локално ниво. Локалниот економски развој претставува сложен концепт кој се однесува на активностите и политиките што треба да ги преземе општината за да го стимулира економскиот развој на својата територија. Егзистирањето на општините во современи услови не може да се замисли без спроведување на локален економски развој, а успешното реализирање на концептот на ЛЕР подразбира создавање поволна клима за деловни активности и инвестирање.

**Анализа на локалната економска структура**

Општина Крушево е една од слабо развиените економски центри во државата со слабо искуство и традиција во развојот на индустријата. Според податоците обезбедени од Државнниот завод за статистика од 2021 година, на територијата на општината функционираат вкупно 186 активни претпријатија, односно за 20 компании помалку во однос на 2020 година. Се забележува намалување на бројот на претпријатија во сите економски сектори. Посебно, бројот на претпријатија Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли за седум (7) помалку и претпријатија кои се занимаваат со други услужни дејности за единаесет(11) помалку. Има мало зголемување во бројот на претпријатија во дејноста објекти за сместување и сервисни дејности со храна за три (3) претпријатија. Структурно, бројот на микро, мали, средни и големи претпријатија е следниот:

- 193 микро претпријатија;
- 55 мали претпријатија;
- 3 средни претпријатија

Средните претпријатија се главно од областа на преработувачката индустрија (2) тутунската и текстилната и едно (1) снабдување со вода, управување со отпад. Постои тенденција на зголемување на бројот на микро компании за сметка на малите и средни претпријатија. Бројот на средни компании од 50 до 250 вработени е константен во период од 2015 година до 2023 година. Туризмот е релативно добро развиен со 2 хотели, 1 детско одморалиште и 15 ресторани- пицерии – ланџ барови. Во општината има и 69 приватни сместувачки капацитети со 610 легла. 193 микро бизниси се фокусирани на услуги за населението. Во општината има Здравствен дом со 46 вработени, 2 приватни здравствени установи и 2 приватни стоматолошки ординации. ИТ секторот е слабо развиен со 1 микро претпријатие, 193 микро претпријатија се главно од услужната дејност, продажба на колонијални производи, трговци поединци, додека 13 мали претпријатија се од дрвната и градежната индустрија. Правните услуги се покриени со 3 микро бизниси. Собирањето и управувањето со отпадот е добро организирано и е управувано од 1 средно претпријатие. Со културното наследство стопанисуваат 3 културни институции.

Според индексот на Бруто производ, износот на производството расте. Зголемување има во сите економски сектори во општината. Најголем раст има во следните области: „Хотели, приватно сместување и ресторани“ (31,7 %) ) и „Преработувачка индустрија – откуп и преработка на тутун“ (16,1 %), текстилната (11,3%), производство на столарија (10,5%) и производство на композитни производи

(10,3%). Горенаведените податоци потврдуваат дека во општината е задржана тенденцијата кон постојан пораст туристичката понуда и преработувачката индустрија.

Графикон бр. 1 – Раст на производството во општина Крушево; Извор: Стартегија за ЛЕР 2023-2027




| Вид на економска активност | Број и % на компании(според класификација) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Микро | Мали | Средни | Големи |
| Индустриско производство | | | | |
| Земјоделство 1,94% | 5 | | | |
| Преработувачка индустрија 7,78% | | 18 | 2 | |
| Трговија 21,01% | 53 | 1 | | |
| Бизнис услуги (обука, консалтинг, истражување на пазар, реклама, издавачка дејност, односи со јавноста (PR) | | | | |
| Финансиски услуги 0,38% | | 1 | | |
| Медицински услуги 1,55% | 4 | | | |
| Правни услуги (нотари, адвокати) 1,17% | 3 | | | |
| Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.) 3,11% | 8 | | | |
| Ресторани, кафулиња, барови итн. 8,17% | 16 | 5 | | |
| Хотели, хостели, приватно сместување итн. 28,4% | 69 | 4 | | |
| ИТ услуги 0,39% | 1 | | | |
| Транспорт 9,33% | 20 | 4 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Градежништво 3,11% | | 8 | | |
| Комуникациски услуги 1,94% | 5 | | | |
| Креативни услуги (дизајн, фотографија, видеографија, вебдизајн, социјалнимедиуми, настани) | | | | |
| Снабдување со вода, управување со отпад 0,39% | | | 1 | |
| Туризам | | | | |
| Културно наследство | | | | |
| Стручни, научни и технички дејности 3,5% | 9 | | | |

*Табела бр. 16 – Вид на економска дејност/Број на компании*

Најразвиени сектори се хотели, приватно сместување и ресторани и преработувачката индустрија. Моментално најефикасната локална компанија судејќи според нејзиниот годишен обрт и профитот е дооел ,,Секе,, од тутунска индустрија која има 230 вработени. Носечка фирма во хотелиерството е дооел Специјал Градба – Скопје која е сопственик на подружниците хотел ,,Панорама Спа,, и ,,Ски центар Панорама,, Крушево кои имаат 22 вработени и хотел Монтана Бизнис Крушево која има 24 вработени. Овие компании во голема мера се потпираат на локални добавувачи и ресурси додека го гради својот ланес на вредности. Алтернативни форми на туризам (параглајдерството, змајарство) се препознаени како типични или уникатни за општината.

**Локална соработка и вмрежување**

Соработката меѓу бизнисите е релативно слаба, за што показател е не постоењето на бизнис асоцијации и здруженија. Постои здружување на туристичките работници во Здружението за угостителство и туризам но за жал неговата функционалност е сведена на одржување на состаноци по потреба и присуство на работилници организирани од страна на надворешни туристички асоцијации или општината, нема никаква проактивност. Постои регионалната стопанска комора, ваквата поставеност не ги задоволуваат очекувањата на локалниот бизнис. Во Здружението за туризам и угостителство членуваат 50 хотели, приватени издаватели на соби и ресторани, главно фокусирани на промотивни активности. ЛАГ Агро Лидер е институција во која членуваат девет општини и регионално соработуваат. ЛАГ Агро Лидер промовира и придонесува кон одржлив рурален развој преку иницијативи,партнерства и користење на постоечкиот ендоген потенцијал. Фокусирани се на позитивните еколошки, социјални и демографски трендови, мрежна соработка, формирање и учество на граѓански платформи и зајакнување на солидарноста меѓу граѓаните и невладините организации во унапредување на политиките за рурален развој.

Постои практика на одржување на средби на градоначалникот со сите деловни организации на кои се разговара за потребата од подобрување на општинските услуги, потенцијалните финансиски извори на финансирање и зајакнување на имиџот на општината како атрактивно место за живеење, работа и инвестирање. Овие средби

повеќе се доживуваат како политичка иницијатива отколку како вистинска соработка. Дефинитивна потреба за соработка со одделението за ЛЕР во општината постои, но без конкретни активности.

Општина Крушево припаѓа на Пелагонискиот плански регион и има одлична соработка, преку планскиот регион реализирани се повеќе проекти воглавно инфраструктурни и набавка на опрема кои индирекно допринесуваат за развој на економијата, преку оваа институција постои соработка помеѓу општините членки на Пелагониски планскиот регион. Проектите за прекугранична соработка кои ги има добиено општината во периодот од 2008 до 2022 година, вкупно три на број во висина од 450 илјади евра исто така индирекно имаат голем допринос во развојот на локалната економија.

**Пристап до финансии**

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот се ограничени и не секогаш веродостојни, особено во руралните области на општината. На новите претприемачи особено им недостигаат информации за потенцијалните извори на финансирање, како и информации за постоечките деловни организации кои можат да им помогнат. Една од банките на територијата на општината има свои кредитни пакети за мали бизниси.

Општината ги следи и ги промовира националните програми за самовработување, финансирањето за поддршка на индивидуални земјоделци и.т.н.

Постои иницијатива во општината за поставување на посебен линк на ВЕБ страната на општината кој ќе ги опфаќа сите можни извори за финансирање на бизнисот, преку кредитни линии или грантови, ќе се промовираат националните програми за финансирање на бизнисот и како да се стигне до европските фондови. Пристапот на фирмите до финансии од деловните банки е потежок во однос на фирмите кои имаат свои седишта во други поразвиени региони од државата, тука најголема улога има вредноста на капиталот, вредноста на обезбедувањето и финансискиот биланс, со овој проблем најмногу се соочуваат малите и микро бизнисите. Општината преку вработените во одделението за ЛЕР им помага на ваквите бизниси, доколку го побарат тие, во врска за пополнување на апликации, издавање на потврди и потребна документација од општината доколку им е потребна при аплицирање на национални, регионални и ИПАРД програми.

**Земјиште и инфраструктура**

Бидејќи тренд на развој на бизнисот е позитивен, побарувачката за работни простории, земјиште и инфраструктура се зголемува. Општината вложува многу напори да ги идентификува сите општински земјишта и згради и да пристапи до физичките услови во кои се наоѓаат.

Побарувачката е главно за работен простор за мали компаниии од преработувачката индустрија и туристичкиот сектор.

Општината има една индустриска зона Опаленик со осум парцели, достапни се уште две парцели и парцелите може да бидат наменети за производство, дистрибуција и сервиси, или поточно за Лесна незагадувачка индустрија, услуги и магацини. Процентот на изграденост во рамките на една парцела е 40 до 60% и истиот го покажува процентот на градежното земјиште што може да бидат покриени со згради. Парцелата 1.1. е со површина од 18507м2 парцелата 1.2. е со површина од 14505м2. Наведените парцели беа предмет на изготвување на АУП за спојување, односно окрупнување, па така парцелиет 1.1. и 1.2. по овој основ се споени. Во индустриската зона работи тутунската компанија доо ,,Секе,,.

Во однос на побарувачката од туристичкиот сектор општината располага со една викенд зона околу Крушевското езеро во која опфаќа 41 викенд куќи и 3 парцели за мали хотели.

**Во општина Крушево има изградено модерно полетувалиште кое според многу испитувања нуди најдобри услови во Македонија, на Балканот па и пошироко за летање со параглајдери и змејови.** Крушево во изминатите неколку години беше домаќин на бројни национални, меѓународни и светски натпревари во летање со параглајдери и змаеви. Пратењето на овие светски трендови во туризмот бараат посебно елаборирање, се со цел максимално искористување на природните погодности како и зголемување на понудата за овој вид туристичка понуда, како крајна цел воведување на нови содржини за љубителите на адреналинскиот туризам и зголемување бројот на овој вид на туристи кои ќе престојуваат во Крушево. Посебно внимание се обрнува на развојот на активниот и авантуристички туризам и промоција на Крушево како дестинација за активен одмор. Не е мал бројот на деловен простор (за канцеларии, ресторани, колонијал) кој е достапен главно во приватни згради, цените за користење не се многу високи и добро развиени микро бизнисите можат да ги покриваат месечните трошкови за оваа намена. Општината е сопственик на стара училишна зграда која е комплетно реновирана со десет канцелариски простории (од 30 до 40 м2) погодни за ИТ секторот и граѓанскиот сектор.

## АНАЛИЗА НА УРБАНИЗМОТ И КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Состојба со просторно-урбанистичка планска документација (во однос на опфатена површина со валидни – тековни урбанистички планови и документација, непокриена површина во населени места на урбанистилки планови и поврзана документација) и ажурираните планови;**

Донесени се Генерален и Детален урбанистички план за градот Крушево, ДУП за дел од “Викенд зоната“ во Крушево, ДУП за индустриска зона “Опаленик“, УПВНМ за Викенд населба на скијачки центар Мусица, и УПВНМ за скијачки центар Станич.

- **Состојба со комуналната инфраструктура и услуги (во однос и на достапноста за корисниците и на квалитетот на услугите);**

Јавното претпријатие за комунални дејности ЈП „Комуна“ Крушево, е основано од Советот на Општина Крушево заради обавување на следниве дејности:

- Собирање, обработка и снабдување со вода;
- Отстранување на отпадни води;
- Собирање на безопасен отпад;
- Останати услуги на чистење, неспомнати на друго место;
- Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина;
- Погребни и слични дејности;
- Изградба на комунални објекти за течности;
- Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди;
- Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг);
- Услужни дејности поврзани со копнениот сообраќај;

- Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место и
- Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор.

Јавното претпријатие ќе ги врши и следните дополнителни дејности:

- Поставување и одржување на јавно осветлување и
- Изградба, одржување и чистење на речните корита во урбанизираните простори.

Бројот на вработените со договори за работа на неопределено време во 2024 изнесува 36 (триесет и шест), распоредени согласно систематизацијата за работни места. Истовремено работно се ангажираа извршители за обавување на градежно земјени работи, занаетчиски и други услуги, со договор на дело .

Јавното претпријатие располага со деловен фонд формиран со неговото основање, доградуван односно намалуван со статутарните промени односно делбени биланси во изминатиот период, при што во 2024 год.влегува со посочениот деловен фонд;

- **Градежни објекти**

- Канцелариски простории - дирекција деловен простор т.н. Цвеќара, магацински простории и гаражи и деловен простор коњушница со помошни простории.

- Водоснабдителни цевоводи, резервоари,пумпни станици со пратечки објекти и пумпна станица во с. Норово како целина за водоснабдување на град Крушево и други населени места во општина Крушево

- Регионален водовод Бучин ,резервоари, пумпни станици, цевоводи до населените места со пропратни оjекти.

- **Транспортни средства**

- Два транспортни возила,трактор со приколица за смет(2003г. и 2006г.)
- Патничко возило LADA NIVA  (од 1990г. а ремонтирано 2007г.) неисправна
- Погребално моторно возило LADA NIVA (1980г.) неисправно
- Моторно возило FAP 13/14 (1981г.) неисправно

- Патничко возило PEUGEOT 106 (доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС ) неисправно
- Патничко возило NISSAN (доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС )
- Патничко возило POLO ( 1998г.)
- Градежна машина , ICB (1990,доделено на користење со одлука на ЕЛС)
- Градежна машина ICB 3CX 14 MFWM (2016г. доделена на користење со одлука на ЕЛС)
- Вибрационен ваљак
- Камион за отпад HYUNDAI HD 35 (2012 доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС)
- Патничко моторно возило FIAT PANDA 4x4 кое е набавено месец март 2018г.
- Специјално возило за отпад FOTON со капацитет од 8 м3 доделено од ЕЛС Крушево
- Мултифункционално возило Трактор JOHN DEERE 50/45 со дополнителна опрема ( нож за чистење на снег, соларка и мулчер ) набавен во 2019 год. финансиран соТрипартитен договор со Германска амбасада (учество во финансирање од 51%),Општина Крушево (учество во финансирање 24,5%) и ЈП „Комуна" Крушево( учество во финансирање 24,5%).
- Специјално возило за собирање на отпад ISUZU (2021 г. доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС )
- Патничко теренско возило UAZ ( 2021 г. доделено на користење со одлука на совет на ЕЛС)

- **Собирање,обработка и снабдување со вода и отстранување на отпадни води**

***Водовод***

Тековни активности: отстранување на водоводни дефекти, интервенции по барање на граѓани (премостување на водоводни линии, поставување на водомери, менување на механизми, замена на стари водоводни линии во сопственост на граѓани со нови) со финансиски средства на ЈП „Комуна" Крушево и финансиско учество на ЕЛС, промена на старите водомери со нови водомери со модул за далечинско отчитување на сите корисници во градот Крушево (наместени се 80%), финансирано од Министерство за животна средина по апликација на општината Крушево, изградба на нови водоводни линии, зафаќање и каптирање на нови извори, реконструкција на водоводни линии и други тековни работи.

***Канализација***

Тековни активности: Чистење на улични сливници од материјал со утовар и транспорт на материјалот на место за таа намена, замени на скршени решетки на сливници, санација на оштетени делови од канализациона мрежа, реконструкција на канализационата мрежа и изградба на нова канализација, како и тековно одржување на канализационата мрежа во градот (отпушувања).

- **Собирање, транспорт на комунален отпад**

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналениот и другиот вид на отпад се одвива само во градот Крушево без останатите населени места во Општина Крушево.

Организирана е  делумна селекција на отпадот  и тоа мешан комунален отпад, ПЕТ отпад и стакло. Во текот на 2024 г., беа собрани околу 2000 тони мешан комунален отпад и тоа:

- 2000 тони мешан комунален отпад, инертен отпад и градежен шут одложен на депонија,
- ПЕТ отпад селектиран во контејнери и неселектиран од депонија го собираат трети лица,
- стакло предадено за рециклирање.

Собирањето на комунален отпад од домаќинства и други субјекти се врши во 70 контејнери, 35 садови за ПЕТ отпад, 4 специјални садови за стакло од 1500 литри околу 800 пластични канти од 120 л. за комунален отпад.

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналениот отпад се одвива секојдневно  - шест работни дена неделно вклучително и сите празници во годината по главната сообраќајница и во централното градско подрачје, два до три пати неделно во останатите реони на градот, еднаш неделно  од индустриската зона кај с. Алданци лоцирана на 8 км од Крушево и ПЕТ отпадот 2-3 пати месечно во зависност од потребата.

ЈП „ Комуна “ Крушево во текот на 2024 година располагаше со:

- 63   метални контејнери со капацитет од 1,1 м3  за мешан комуналниот отпад,од кои 60 контејнери се распоредени како во предходните години на предходно одредените локации низ градот , во поголемите стопански објекти во градот и 10 контејнери во индустриската зона  с.Алданци.
- 35 контејнери (пластични и мрежести) со капацитет од 1,1 м3 за ПЕТ отпад исто така распоредени како во предходните години на предходно одредените локации низ градот и во одредени стопански објекти во градот,
- над 800 специјални пластични канти за комунален отпад со капацитет  од 120 л. распоредени на јавни површини,паркови,мали стопански објекти и на физички лица каде што има  непречен пристап специјалното возило за собирање на отпад.

Депонирањето на отпадот (комуналниот отпад и инертниот отпад се врши на една локација „Коле Налче“ на Марково како во предходните години.

Собирање и транспорт на комунален отпад од  другите  населените места од Општина Крушево исто така како и предходните години не се реализира, но со набавката на новото специјално возило собирањето на отпад може да се прошири и на околните населени места со што значајно ќе се допринесе во иднина за намалувањето на  многубројните диви депонии во Општината. Напоменуваме дека се уште е проблем определување на локации каде ќе се депонира собраниот отпад од селските населби затоа што депонијата Коле Налче во Крушево нема капацитет.

- **Одржување на јавни површини**

Во текот на 2024 година како ЈП „Комуна“ Крушево – одделот за комунална хигиена беше задолжено за одржување на јавни површини и за зимското одржување во градот Крушево и другите населени места во Општина Крушево и функционираше со 10 вработени на неопределено време, а повремено по потреба беа вклучувани и 5 работници со договор на дело.

Зимското одржување на јавните површини, улици и сообраќајници во градот Крушево и другите населени места во Општина Крушево се вршеше по претходно утврдена програма за зимско одржување донесена од страна на Советот на ЕЛС Крушево. Чистењето на снегот се врши со ICB 3CX 14 MFWM, а при тоа се употребуваше и мултифункционалниот трактор за чистење на потесни улици во градот и посолување на истите и трактор ИМТ 539 за дотур на абразивни сретства за полнење на соларката .

- **Управување на градски гробишта**

Во текот на 2024 г се вршеше редовно одржување и чистење на градските гробишта и сечење на дрвја од кои опасност за оштетување на гробовите,косење и исфрлање на тревата Евидентирани се 75 погреби. Изработени се 10 нови гробни рамки, и дел од дотраени оградни ѕидови.

- **Учество во јавни работи**

Јавното предпријатие и во текот на 2024 г учествуваше во изведувањето на јавни работи во делот на одржување на локални патишта и пешачки патеки, потпорни ѕидови финансирано од ЕЛС на општина Крушево и друг нарачател Игнација Скопје.

Санирани се вкупно 800 m2 делови од улици во Крушево од кои по нарачка од општина Крушево 495 м2 и за нарачателот Игнација 305 м2 на ул.Никола Карев.

- **Транспортната инфраструктура (локалните патишта и улици во населените места);**

Општина Крушево располага со разгранета, но во значителен дел недоволно развиена и оштетена транспортна инфраструктура. Локалните патишта и внатрешните улици во населените места се соочуваат со бројни предизвици што влијаат врз пристапноста, безбедноста и квалитетот на живеење на жителите.

Голем дел од локалните патишта во општината се со оштетен коловоз, неретко со отворени оштетувања, вдлабнувања, и без јасно обележани коловозни ленти. Во урбаното јадро на градот Крушево и во поголемите населени места (Норово, Бучин, Врбоец), дел од улиците не се инфраструктурно целосно уредени – делови се без канализација, атмосферска одводна мрежа, или тротоари. Пристапноста до руралните населени места е особено отежната во зимските месеци, кога снегот и ниските температури го попречуваат движењето.

Според достапните податоци, во општината има:

- **приближно 100 km локални патишта**, од кои повеќе од **60% се во незадоволителна состојба**;
- повеќето внатрешни улици се со **ширина под 4 метри**, што ја ограничува нивната функционалност;
- само **дел од улиците во урбаните зони** се со целосна инфраструктура (водовод, фекална и атмосферска канализација, улично осветлување).

## АНАЛИЗАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ ЗАКАНИ И РИЗИЦИ

- **Кусо резиме со проценка на потенцијалните ризици од поплави, суши, пожари, свлечишта, бури и земјотреси;**

Општина Крушево, поради својата географска положба, планинскиот релјеф и климатските услови, е изложена на низа природни ризици кои можат да имаат значајно влијание врз животната средина, населението и инфраструктурата.

### Поплави

Ризикот од поплави се оценува како **среден**, особено поради постоењето на локални водотеци со неуредени корита и недоволна атмосферска канализација во урбаните средини. При обилни врнежи, особено во пролет и есен, се појавуваат поројни води кои може да предизвикаат локални поплави, особено во подолни делови на градот и околните села.

### Суши

Ризикот од суши е **низок до среден**. Иако подрачјето има стабилен воден режим, во летните месеци може да се јави намалување на површинските води и засилена потрошувачка, што доведува до краткотрајни недостигнувања на вода, особено во руралните средини.

### Шумски пожари

Поради високата шумска покриеност (над 66% од територијата) и сушните летни периоди, општината е изложена на **среден до висок ризик од пожари**. Во изминатите години се забележани повеќе шумски пожари, најчесто предизвикани од човечка активност или молњи. Шумските пожари се сериозна закана за биодиверзитетот, воздухот и безбедноста на локалното население.

### Свлечишта

Поради стрмниот терен и деградираните земјишта, особено на падините околу населените места, постои **среден ризик од свлечишта**. Овој ризик е особено изразен по интензивни врнежи или ненаменска урбанизација без геотехнички проценки.

### Бури и силни ветрови

Крушево, како планински град, е изложено на **среден ризик од силни ветрови и бури**, особено во зимските месеци. Силните ветрови често предизвикуваат оштетувања на кровни конструкции, улично осветлување и лесни градби, а понекогаш влијаат и врз електродистрибутивната мрежа.

**Земјотреси**

Територијата на општината се наоѓа во **умерено сеизмичка зона (III–IV)**. Иако земјотресите не се чести, постои потенцијална опасност, што налага почитување на сеизмички стандарди при урбанистичко планирање и градежни интервенции. Свесноста и подготвеноста на населението за вакви настани сè уште е на ниско ниво.

Оваа проценка покажува дека општината е **најизложена на ризици од пожари, свлечишта и поплави**, додека другите природни појави се присутни во поумерена форма. Локалната самоуправа треба да работи на идентификација на ризични точки, изработка на планови за превенција и зголемување на капацитетите за итно дејствување и подигнување на јавната свест.

**АНАЛИЗАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ И ОИЕ**

- **Воздух (квалитет, мониторинг и управување):**

  - **Квалитет:** Крушево нема стационарни мерни станици, а достапни податоци се добиени од мобилни мерења и индиректни податоци. Главни загадувачи се грејните тела во домаќинствата (дрва и нафта), сообраќајот и старите возила.
  - **Мониторинг:** Мониторингот е спорадичен, најчесто преку мобилни станици или соработка со државни институции. Недостасува континуирана и системска контрола.
  - **Управување:** Не постои локален план за управување со квалитетот на воздухот, иако ЛЕАП препорачува воспоставување на ваков механизам и промоција на чисти енергенси.

- **Водните ресурси (користење, заштита и управување):**

  - **Користење:** Водоснабдувањето се базира на изворите „Горица“, „Бреза“ и „Студенец“, кои обезбедуваат вода за градот и околните населени места.
  - **Заштита:** Дел од водоводната мрежа е стара, со загуби на вода. Локалните водотеци се изложени на потенцијално загадување од непрочистени отпадни води.
  - **Управување:** Потребна е реконструкција на мрежата и изградба на пречистителни станици. ЛЕАП предвидува активности за рационално користење и заштита на ресурсите.

- **Почва (употреба, заштита и управување):**

- **Употреба:** Почвата најчесто се користи за земјоделство и пасишта. Дел од површините се деградирани поради неконтролирана сеча, ерозија и неконтролирано депонирање отпад.
- **Заштита:** Не постои локален мониторинг на загаденост или деградација. Има потенцијал за органско земјоделство и пошироко користење на агроеколошки мерки.
- **Управување:** Препорачани мерки вклучуваат ревитализација на деградирани површини и контрола на ерозивни процеси.

- **Шумските екосистеми и пасишта (користење, заштита и управување):**

  - **Користење:** Шумите покриваат околу 66% од територијата. Се користат за дрвна маса, огревно дрво и шумски плодови. Дел се подложени на бесправна сеча.
  - **Заштита:** Дел од шумите се под заштита, но потребна е поголема контрола и санација на деградирани подрачја.
  - **Управување:** ЛЕАП предлага пошумување, мониторинг и едукација за одржливо користење на шумските ресурси.

- **Управување со отпадот:**

  - **Состојба:** Се генерира околу 9.000 тони отпад годишно. Недоволен број контејнери, слабо селектирање, недоволен број лиценцирани субјекти за собирање/третман.
  - **Проблеми:** Постојат диви депонии, слаба селекција на отпад и непостоење на рециклажни центри.
  - **Мерки:** Планира се воспоставување систем за примарна селекција, санација на диви депонии и подигнување на јавната свест.

- **Заштита на природното, културното и историското наследство – заштитени подрачја и објекти или целини на територијата на општината**

  - **Природно наследство:** Постојат заштитени подрачја како Парк-шумата „Гумење“ – која претставува значајно рекреативно и туристичко подрачје, споменикот на природата „Гушева Чешма“ – природен извор кој е дел од културно-природното наследство и низа спомен-обележја и меморијални комплекси во природни амбиенти (иако некои не се формално прогласени за заштитени, се третираат како такви поради нивното значење). Покрај нив, има подрачја со потенцијал за заштита, особено шуми, пасишта и површини околу туристички и културно-историски локалитети. Сите овие подрачја се соочуваат со ризици од човечки интервенции, неодржлив туризам и шумски пожари.
  - **Културно и историско наследство:** Крушево е значаен културно-историски центар со споменици и градби под заштита. Има регистрирани и заштитени објекти со локално и национално значење.

- **Управување:** ЛЕАП препорачува интегриран пристап, контрола на урбанизацијата и подобрување на инфраструкутрата и промоцијата на одржлив туризам.

- **Енергетска ефикасност**
  - **Состојба:**
    - Градежниот фонд (јавни објекти, училиштата, општинската администрација) е генерално стар, со ниска енергетска ефикасност.
    - Загуби на енергија поради лоша изолација, стари прозорци и застарени грејни системи.
    - Дел од уличното осветлување користи неекономични светилки.
  - **Планирани мерки:**
    - Енергетска санација на јавни објекти (изолација, замена на врати/прозорци, модернизација на грејни тела).
    - Замена на старите светилки со ЛЕД осветлување во јавниот простор.
    - Воведување на енергетски менаџмент на ниво на општина (собирање податоци, следење потрошувачка, отчетност).

- **Објекти и инвестиции во обновливи извори за енергија**
  - **Потенцијали:**
    - Општина Крушево има солиден потенцијал за фотоволтаици (сончева енергија) поради географската поставеност.
    - Се разгледува и потенцијал за мали хидроцентрали и биомаса, иако внимателно поради можни влијанија врз природата.
  - **Планирани активности:**
    - Инсталација на соларни панели на јавни објекти.
    - Поддршка и промоција за домаќинства и компании да инвестираат во обновливи извори преку субвенции или програми.
    - Изработка на локален енергетски план кој ќе ги вклучува и ОИЕ и ефикасноста.
  - **Инвестиции:**
    - Во делот за планирани буџети (2023–2028) на ЛЕАП, се наведени проекти за:
      - Замена на улично осветлување (LED) – предвидени средства.
      - Подобрување на енергетската ефикасност во јавни згради.
      - Можности за аплицирање на проекти преку национални и ЕУ фондови

**АНЕКС 2: Тематски SWOT анализи**

## 1. Локален економски развој

**Силни страни:**

- Крушево е препознатливо по својот културно-историски туризам и уникатна архитектура, со локации како спомен куќата на Тоше Проески, Мечкин Камен и музејот на Илинденското востание.
- Природната положба овозможува развој на авантуристички туризам, како параглајдерство и планинарење.
- Постоечката индустриска зона и локалните занаетчиски производи се потенцијал за економска диверзификација.

**Слаби страни:**

- Локалната економија е силно зависна од сезонскиот туризам и е ограничена од малото население.
- Постојат мали можности за развој на индустрија или занаетчиски бизниси поради недоволен пристап до капитал, ограничена поддршка за стартапи и недостиг од обучен кадар.

**Можности**

- Можност за позиционирање на Крушево како целогодишна туристичка дестинација преку авантуристички, спортски и културен туризам.
- Финансирање преку ИПА фондови, Програма за рурален развој или туристички иницијативи на државно и регионално ниво.

**Закани:**

- Постојаното иселување на младите и недоволниот број на вработени лица го загрозуваат одржувањето на локалната економија.
- Заштитениот статус на градското подрачје понекогаш претставува пречка за нови инвестиции.

## 2. Урбанизам и просторно планирање

**Силни страни:**

- Општината располага со планински и ридски предел со чист воздух и умерена клима, што создава можности за планирање на зелени зони.
- Веќе развиени урбанистички планови.

**Слаби страни:**

- Проблемите со пристапноста до дел од населените места, недоволно развиената инфраструктура во руралните подрачја и старата комунална мрежа, особено за водоснабдување, го отежнуваат просторното поврзување на општината.

**Можности:**

- Примена на дигитални алатки за планирање, воведување на паметни решенија за транспорт и урбанистичко уредување, како и подобрување на пристапноста преку реконструкција на патишта и нови пешачки и велосипедски патеки.

**Закани:**

- Буџетски ограничувања и ниска привлечност за инвестиции во најоддалечените села.

**3. Заштита на животната средина и цивилна заштита**

**Силни страни:**

- Крушево е еколошки чиста средина со големи површини под шума и потенцијал за екотуризам.
- Постои локална еколошка иницијатива и акции за пошумување.
- Природниот и урбан пејсаж претставува капитал кој треба да се заштити.

**Слаби страни:**

- Дивата депонија во близина на градот претставува сериозна еколошка закана.
- Недоволен е системот за селекција и управување со отпад.
- Постојат ограничени капацитети за превенција од пожари и природни катастрофи.

**Можности:**

- ЕУ и државни фондови за унапредување на управувањето со отпад, поставување на зелени точки, воведување на рециклажни програми и развој на локални климатски стратегии.

**Закани:**

- Климатските промени, зголемените суши и ризици од пожари (особено летно време) ја загрозуваат безбедноста на граѓаните и туристичката атрактивност на Крушево.

**4. Социјални услуги, образование, култура и спорт**

**Силни страни:**

- Крушево има релативно добро покриена социјална инфраструктура со две основни и едно средно училиште, како и Центар за социјална работа, пензионерски дом и активен Дом на култура.
- Општината традиционално организира настани како „10 дена Крушевска Република“.

**Слаби страни:**

- Се забележува намалување на бројот на ученици, недостаток на наставен кадар и миграција на младите.
- Спортските клубови се недоволно активни, особено кај младите.

**Можности:**

- Може да се воспостават училишни спортски клубови, младински центар и да се привлечат ученици и од други општини.
- Постои простор за ревитализација на културните и спортските манифестации преку грантови.

**Закани:**

- Продолжената депопулација води кон ризик за затворање на училишта и слаба одржливост на културните институции.
- Ограничениот општински буџет ја ограничува иновацијата.

**5. Родова еднаквост**

**Силни страни:**

- Родовата перспектива е вклучена во општинското планирање.
- Во општинската администрација е забележливо присуство на жени, особено во административните позиции.

**Слаби страни:**

- Мал е бројот на жени во управувачки позиции.
- Родово сензитивни статистики не се собираат систематски.

**Можности:**

- Развој на програми за економско зајакнување на жените и нивно вклучување во локалното управување.
- Поддршка со средства наменети за спроведување на националните стратегии за еднаквост и недискриминација.

**Закани:**

- Општествените стереотипи и традиционалните родови улоги се уште го ограничуваат учеството на жените во економски и политички сектори.

**6. Комунални услуги**

**Силни страни:**

- Значајна по обем замена на водомери со smart уреди.
- И покрај финансиските предизвици, ЈП „Комуна“ е функционално јавно претпријатие.

**Слаби страни:**

- Недостиг на вода во лето, застарени системи за водоснабдување и отпадни води, недоволен капацитет за собирање отпад во селата.

**Можности:**

- Модернизација преку дигитализација, зголемување на електронската наплата, воспоставување на систем за селекција на отпад и набавка на механизација.

**Закани:**

- Климатските промени го влошуваат проблемот со водоснабдување.
- Финансиската нестабилност на ЈП го ограничува развојот на комуналните услуги.

## 7. Здравствена заштита

**Силни страни:**

- Здравствен дом Крушево ги покрива основните потреби.

**Слаби страни:**

- Недоволен кадар (лекари, сестри), недостаток на опрема, лабораториски услуги и специјалисти.

**Можности:**

- Програми за мотивирање млади здравствени работници и инвестиции преку национални и европски фондови.

**Закани:**

- Стареење на населението, зголемена потреба од хронични и долготрајни терапии, и ограничена достапност за лицата од рурални средини.

## 8. Противпожарна заштита

**Силни страни:**

- Општината располага со територијална противпожарна единица.

**Слаби страни:**

- Опремата е застарена, а едукацијата за превенција од пожари недоволна.

**Можности:**

- Проекти за модернизација на опрема, развој на јавна свест, симулации и обуки за реагирање при пожари.

**Закани:**

- Се почести пожари поради климатските услови и неадекватната подготвеност на руралните домаќинства за интервенција.

**АНЕКС 3: Извештај од Форум во заедницата**

**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА ФОРУМСКА СЕСИЈА**
**(консултативна средба со граѓани)**
**во Општина Крушево**

| | |
|---|---|
| Координатор: | Евгенија Јуца |
| Модератор: | Лилјана Јоноски |
| Период на известување: | Јули 2025 |
| Датум на извештај: | 16.07.2025 |

Општина Крушево е една од општините која што е вклучена во процесот на изработка на Интегриран локален развоен план во рамките на проектот „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“. Проектот го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со Министерството за локална самоуправа, со финансиска поддршка на Шведска и Бирото за регионален развој.

Општинскиот тим во соработка со експертскиот тим на УНДП ја изготви првичната драфт верзија на Интегрираниот локален развоен план за општина Крушево за период 2025-2029 година. Овој план ќе даде придонес за подобрување на системот а локално развојно планирање која е цврсто поврзана со буџетскиот процес. Со овој процес се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежноост вклучувајќи го и локалниот економски развој.

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

На почетокот подготвителните активности подразбираа формирање на работен тим и креирање на работен план. Назначување на координатор, модератор и формирање на работен тим составена од вработени во општината од различни одделенија. Потоа се преземаа интензивни активности за форумот. Тоа подразбирање најпрво консултации и координација на работниот тим, модераторот, координаторот со цел планирање, организација и распределба на улогите и задачите за реализација на форумот.

Во процесот на подготовка и реализација на форумот или консултативната средба се мобилизираа учесниците и се организираше работната средба со групата. Една од основните задачи за информирање беше директна комуникација со учесниците. Имено учесниците на форумот беа поканувани преку е-маил покани, но и со директни телефонски разговори.

### 1.2. Консултативна средба со граѓани (ФОРУМ)

*Преглед на учесници на форумот, вклучително родова застапеност и етничка припадност според списокот*

<table>
<tr><td colspan="4">Консултативна средба со граѓани (Форум)</td></tr>
<tr><td colspan="3">Датум на одржување</td><td>16.07.2025</td></tr>
<tr><td colspan="3">Вкупен број на учесници</td><td>29</td></tr>
<tr><td rowspan="10">Број на учесници од општ список</td><td rowspan="2">Пол</td><td>М</td><td>16</td></tr>
<tr><td>Ж</td><td>13</td></tr>
<tr><td rowspan="8">Етничка припадност</td><td>Македонци</td><td>21</td></tr>
<tr><td>Албанци</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Турци</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Срби</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Власи</td><td>8</td></tr>
<tr><td>Роми</td><td>/</td></tr>
<tr><td>Други</td><td>/</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
</table>

Интегрираниот локален развоен план (ИЛРП) за општина Крушево претставува стратешки документ кој ги дефинира приоритетите и насоките за развој на општината во периодот од 2025 до 2028 година. Тој е производ на нововоспоставена сеопфатна и напредна стратешка развојна рамка на општината, која е цврсто поврзана со буџетскиот процес и со која се адресираат предизвици поврзани со сите области од локална надлежност.

На форумската сесија беа поканети сите релевантни засегнати страни, вклучувајќи претставници од граѓанскиот сектор, локалните здруженија, млади, пензионери, претставници од бизнис заедницата, јавни установи итн. Поканите беа упатени со цел да се обезбеди инклузивен процес на консултација и да се овозможи широк спектар на мислења, искуства и предлози кои ќе придонесат кон креирањето на Интегрираниот локален развоен план на Општина Крушево.

Целта на форумската сесија беше да се овозможи активно учество на граѓаните во процесот на изработка на Интегрираниот локален развоен план на Општина Крушево, преку идентификување на локалните потреби, предизвици и приоритети. Сесијата имаше за цел да собере идеи, предлози и мислења од заедницата, кои ќе придонесат кон креирање инклузивен, одржлив и стратегиски насочен развоен документ.

Во текот на форумската дискусија, присутните учесници од граѓанскиот сектор, бизнис заедницата и други засегнати страни ги изнесоа следните предлози, потреби и забелешки:

1. Паркирање и урбанистичко планирање – потреба од подобро уредување на паркиралиштата и нивно системско планирање во рамките на урбанистичките планови.
2. Туризам – развој на нови содржини и услуги кои ќе овозможат дополнителни приходи и економски раст.

3. Изградба на нови патишта и локални улички – подобрување на уличната инфраструктура, особено во делови со ограничена пристапност.
4. Решавање на проблемот со депонијата – системско управување со депонијата и изградба на пристапен пат до истата.
5. Хортикултурно уредување – уредување на просторот пред Пензионерскиот дом.
6. Едукација за заштита на јавното здравје – организирање на обуки и кампањи за подигање на јавната свест.
7. Проблем со водоснабдувањето – потреба од подобрување и стабилизирање на водоснабдувачкиот систем.
8. Управување со отпад - воспоставување систем за селекција на отпад, набавка на контејнери за пластика, организирање на собирање отпад за време на викендите.
9. Јавен превоз – воспоставување или подобрување на системот за јавен транспорт во општината.
10. Дом за сместување на ученици при СОУ „Наум Наумовски Борче" – потреба од ученички дом за да се спречи откажување на ученици поради долги патувања.
11. Соработка меѓу локални производители на храна и угостителски објекти – воспоставување мрежа за соработка и користење локални производи.
12. Регулирање на сообраќајот во централното градско подрачје – мерки за подобрување на протокот и безбедноста.
13. Забавен парк за млади деца – потреба од уреден простор за игра и рекреација.
14. Собирање на отпад и во населените места – проширување на системот за комунално собирање отпад и во руралните делови.
15. Нов урбанистички план за домување – дефинирање нова зона за домување и проширување на можностите за станбено планирање.

Ова накратко се предлозите кои произлегоа од присутните на форумот, а градоначалникот во своето излагање им се заблагодари за присуството и за нивното активно учество на консултативната средба. Истакна дека идеите, предлозите и коментарите се од огромно значење за општината, бидејќи токму преку такви дијалози се гради визијата за развој на општината. Ги информира дека дека дел од предлозите и идеи кои беа споменати се во напредна фаза на реализирање, и како локалната самоуправа активно работи на новно финализирање. Останатите предлози ќе бидат детално анализирани и земени во предвид при изработката на Интегрираниот локален развоен план, со цел тој да ги одразува вистинските потреби на заедноицата. Ги охрабри присутните и понатаму да учествуваат во процесите на локално планирање, бидејќи Крушево го градиме сите – со заеднички напор и со заедничка визија.